**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
**од Првото продолжение на Деведесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 21 јули 1998 година**

**Скопје, јули 1998 година**

## СТЕНОГРАФСКИ БЕПЕШКИ

## од Првото продолжение на Деведесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 21 јули 1998 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија (сала број 1) со почеток во 12,20 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Тито Петковски претседател на Собранието на Република Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа по 97-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Драгољуб Поповиќ, Алил Џафероски, Туше Гошев, Атанас Вангелов, Љубомир Чадиковски и Ратка Куљан - Зографска ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствува мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Пред да продолжиме има збор г-динот Таки Фити, министер за финансии.

**ТАКИ ФИТИ:**

Почитуван господине претседателе, дами и господа почитувани пратеници, јас би замолил ако е тоа прифатливо за Собранието со оглед на фактот што сакаме да го реализираме проектот што е врзан со образованието и заради фактот што има техника околу искористувањето и насочувањето на средствата. Би сакал да замолам да дојде до определено поместување во точките на дневниот ред.

И заради тој момент Предлогот на законот за ученички и студентски стандард и веднаш после тоа Програмата за измена за начинот на користење на средствата од приватизацијата да се поместат понапред, фактички да бидат први точки, а после тоа да дојдат законите што се врзани со банкарската свера.

Значи мојот предлог е, односно молба на Владата е до пер态ениците точка 4 да биде Предлог закон за ученички и студентски стандард, точка 5 да биде Предлог на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за користење на средствата што ги остварува Агенцијата на Република Македонија за трансформација на претпријатија со општествен капитал за 1998 година. Точка 6 би бил Предлогот на законот за изменување и дополнвуање на Законот за Народна банка на Република Македонија. Точка 7 Предлог за донесување закон за изменување и дополнување на Законот за банките и штедилниците, со Предлог закон, точка 8 Предлог за донесување закон за дополнување на Законот за трговски друштва, со Предлог закон и точка 9 Предлог за донесување на закон за ратификација на ЕУРОКОНТРОЛ Меѓународната конвенција за соработка во безбедноста во воздушниот сообраќај од 13.12.1960 година итн. тоа е точка која што има долг наслов. Би ве молел ако Собранието го прифаќа на овој начин да се довива работата, односно седницата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Се разбира, бидејќи станува збор само за редоследот во разгледувањето на точките, предлагам овој предлог на Владата да го прифатиме.

Предлогот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

(Мнозинството од пратениците креваат рака).

Минуваме на точката 5 - Предлог на закон за ученички и студентски стандард.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставнеи, односно поделени.

Отворам општ претрес. Молам, кој бара збор?

Има збор г-ѓа Софија Тодорова, министер за образование и физичка култура.

**СОФИЈА ТОДОРОВА:**

Почитуван г-дин претседател, почитувани дами и господа пратеници, согласно Заклучокот на 24-тата седница на Собранието на РМ, Владата го утврди и до Парламентот го достави Предлогот на законот за ученички и студентски стандард што е на дневен ред на денешната седница.

Како што предочив, а и вие почтиувани пратнеаици констатиравте во расправата околу потребата за донесување на овој закон, со него предмет на нормативно уредување е исклучително значајна материја ученичкиот и студентскиот стандард како составка на сложениот систем на образованието на Република Македонија. Со Законот се уредени одделно елементите кои го чинат, односно низ кои се изразува ученичкиот и студентскиот стандард како и низа прашања кои се однесуваат на сопственичкиот статус, основањето, управувачката структура и остварувањето на дејноста на установите каде учениците и студентите можат да ги остваруваат правата кои произлегуваат од овој закон. За најзначајните новини кои ги промовира Законот во оваа сфера, а се во причинско последична релација со севкупните промени во нашиот систем опстојно укажав во I фаза од донесувањето на овој закон. На денешната седница само би укажала на фактот дека во текстот на Законот што денеска е пред вас вградени се сугестиите, забелешките предлозите од собраниската расправа при разгледуваето на Законот во I фаза. Со извршените интервенции кои не се однесуваат на одредниците на Законот од концепциска природа се врши допрецизирање на оп-ределени прашања, посоодветно номотехничко уредување на материјата. По предлог на одделни пратеници прифатено е решението висината на цената за сместување и исхрана во јавните установи од ученичкиот и студентскиот стандард да ги предлага училишниот Одбор, а да ги утврдува Минситерството за образование и физичка култура. Исто така, прифатен е предлогот мнозинството на членови на Управниот одбор да ги именува основачот. Би укажала и на фактот дека со посебен член, со членот 56 од Законот се специфицираат намените на средствата од Буџетот на Република Македонија за остварување на ученичкиот и студентскиот стандард. Одделни предлози чие вградување би претставувало само оптоварување на текстот поради тоа што ќе се уредат некои пррашња и со подзаконски акти, или отстапуваат од концепцијата на Законот, не се прифатени. Се надевам дека денешната седница на Парламентот ќе овозможи во фокусот на нормативни акти кои го уредвуаат системот на образование сватено во поширока смисла на зборот ќе се вклучи Законот за ученички и студенски стандард.

Почитувани пратеници, со овој закон се воспоставува норамтивно институционална рамка за функционирање на системот на ученички и студентски стандард. Се разбира, како што веќе споменав низа прашања ќе бидат уредени со подзаконски акти, а реалното функционирања на оваа сфера, односно остварувањето на ученичкиот и студентскит стандард во значајна мерка е детерминирано од одлуките, или мерките кои се однесуваат на тековната политика во оваа сфера. Токму затоа Владата на РМ на седницата одржана на 10 јули овој месец покра утврдувањето на овој Закон расправаше и за повеќе прашања од сверата на образованието, а во тие рамки и за состојбите во сверата на ученичкиот и студентскиот стандард. Покрај укажувањето на одделни проблеми особено во доменот на сместувачките капацитети беа регистрирани и позитивни движења во оваа сфера. Би сакала да укажам на фактот дека и покрај сериозните материјални ограничувања со кои се соочувавме во последните години во доменот на финансирањето на јавната потрошувачка значителен обем на средства се издвојвуаат од Буџетот на РМ за остварување на утврдените права од сверата на ученичкиот и студентскиот стандард. Така во оваа буџетска година за стипендии и кредити, за партиципација во исхраната и сместувањето на учениците и студентите, за партиципација во превозот на учениците од

основното образование, за здравствени услуги издвоени се 465 милиони денари, или околу 15 милиони ДМ. За одбележување е и фактот дека во последните 6 години бројот на учениците и студентите корисници на стипендии и кредити покажува нагласен тренд на зголемување. Поддржувајќи ја оваа тенденција Владата донесе повеќе одлуки од оваа свера меѓу кои: за следната учебна година двојно да се зголеми бројот на доделените стипенции за средношколци. Понатаму на сите студенти кои ќе ги исполнат условите согласно конкурсот кој набргу ќе биде објавен од страна на Министерството за образование и физичка култура меѓу кои студентите треба да имаат најмалку 8,5 просечен успех на студирање како и редовно да ги завршуваат студиските години ќе им бидат доделени стипендии. И сите студенти кои имаат најмалку 7,5 просечен успех од студирањето и редовно ги даваат во пропишаните рокови предвидените испити и определен материјално-социјален статус ќе можат да бидат корисници на студентски кредит. Овие мерки се целно насочени како кон зголемувањето на ефикасноста во школувањето и студирањето што се разбира би имало и позитивна рефлексија врз обемот односно структурата на средствата за финансирње на системот на образованието, така и кон обезбедување на повоедначени материјални услови за вклучување на учениците и студентите во образовниот процес. Средствата потребни за дополнителниот број на ученици и студенти корисници на стипендии и кредити за оваа буџетска година предлагаме да се обезбедат од приливот на капитал по основ на приватизацијата на претпријатијата со општествен капитал поради што предлагаме како Влада измена и дополнување на Програмата за користење на овие средства што се прибираат кај Агенцијата за приватизација на претпријатијата со општествен капитал, што сега еве според усвоениот дневен ред е следна точка на денешната расправа.

Почитувани пратеници, измената на оваа Програма во најзначаен дел е условена од потребата за обезбедување на финансиска поддршка за реализација на еден навистина значаен потфат во рамките на програмираните активности за промени во образованието, формирањето на обновлив фонд на учебници односно Фонд за изнајмување на учебници во училиштата за основно образование во Република Македонија. Тоа практично значи дека околу 260.000 ученици опфатени во системот на основното образование ќе добијат бесплатни учебници и прирачници. Со тоа се создава реална претпоставка за оживотворување на уставната одредница за задолжително и бесплатно образование. Овој образец кој успешно се применува во многу земји од Европа и надвор од неа во псоледниве неколку години го прифатија и најголем дел од источноевропските земји како што велиме земји во транзиција, дури некои од нив за реализација на овој проект повлекоа и кредитни линии од Светската банка. Ние како што веќе споменав средства за реализација на овој проект кој беше програмирано да започне од оваа учебна година сакаме да обезбедиме од средствата од приватизација на општествениот капитал и тоа овие проекти би ги подвеле, така како што е природно под сигнатурата на развојни проекти. Потребната висина на средства изнесува според направените согледувања околу 13,5 милиони ДМ.Јас би сакала да укажам на фактот дека на овој проект се работи подолго време во рамките на останатите проекти кои се насочени кон реформа на одделните степени на системот на образование. Разработена е целосно технологијата на функционирање на овие фондови во училиштата, а набргу предвидуваме инструктивна средба со сите директори односно одговорни лица во училиштата. Обврска е за оние што ќе се воспостави со посебна евиденција учениците по завршувањето на учебната година добиените учебници и прирачници да ги вратат како претпоставка да добијат учебници за наредната учебна година. Се разбира, доколку тоа не се случи, или доколку учебниците бидат во неупотреблива состојба ќе треба да се плати определен надомест кој ќе зависи од годините на употреба на учебниците. Се планира учебниците стандардно да бидат во употреба околу 4 години што е можно заради повисоките техничко-графички стандарди во нивното печатење што е веќе присутно во послендите години во Република Макеоднија.

На крајот дозволете ми да кажам дека се надевам дека во денешната дискусија ќе биде прифатен како предложениот Закон за ученички и студентски стандард, така и измената на

Програмата за на-мена на средствата од приватизацијата на претпријатијата со општествен капитал за 1998 година како претпоставка за реализација на овие значајни развојни проекти во сферата на образованието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор Панчо Минов.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, дами и гос-пода пратеници, чувствувам потреба да се изјаснам во смисла на поздравување во прилог на донесувањето на Законот за ученички и студентски стандард кој што фактички значи сублимирање во еден един-ствен закон на досега во неколку сродни законски прописи разместени содржини кои ја регулираат проблематиката на ученички и студентски стандард. Јас во I фаза на донесување на овој Закон во мојата дис-кусија изразив заложба ова што како единствен закон за ученички и студентски стандард сега се донесува да се искористи да добие на тежина она што фактички значи и актуелна проблематика за учениците и студентите, а тоа е делот на сместувачките капацитети и делот на бројот и висината на стипендиите и кредитите. Морам да кажам дека во образложението на овој Закон што е во постапката за негово донесување составен дел на Законот децидно стои реализација така да кажам на мојата заложба во расправата по I фаза од Законот, дека овој Закон ќе предизвика и финансиски средства за зголемување на сместувачките капацитети за учениците и студентите од една страна, како и зголемување и на бројот и на висината на износите на стипенција и кредити во која насока што се поклопува со мојата заложба во расправата по I фаза од Законот, исто како определба на надлежното Министерство го поздравувам.

На еден друг проблем за кој што сакам по можност и произнесување на предлагачот, актуелен е проблемот со диспозитивноста при одлучувањето за стипендии и кредити од надлежните служби во делот на условите кои се објавени со конкурсот што е надлежност на Министерството. Во таа смисла овде наброените критериуми 5 по број кои што уредуваат дефицитарност на кадрите, талентираност на кадрите успех во образованието, социјална состојба на кандидатите и на нивнит< семејства како и трошоците за живеење на учениците и студентите во операционализирањето со актот на конкурс од страна на Минситерството во најголем број случаи фактички се прави дефицитарност и селектив-ност на одреден број на кандидати кои што кога би се разгледувал посебно секој од овој критериум, а не кумулативно во целина некои од условите не би ги исполнувале и со тоа и не би задоволиле некое право што со крајна последица излегува дека тие се во нерамноправна положба. Зборот ми е и барам по можност произнесување на предлагачот дали овие критериуми, бидејќи законска содржина е да се уредат кри-териумите во нивното спроведување и операционализација во објавувањетс на конкурсоте кои услови врз база на тие критериуми ќе бидат објавени.

Дали тие критериуми кои ќе бидат операционализирани во условите од конкурсот ќе се сметаат со селективен пристап односно неисполнвување на еден или неколку од нив, значи, незадоволувње на правото на кредитирање и стипендија или ќе се сметаат кумулативно во рамките на сите критериуми. Што значи највулгарен пример ако некој е дефицитарен како кадар и талентиран, а нема некоја републичка диплома, која што, да кажам, за кандидатите од провинцијата е малку потешко со истата да се стекнат, или ако навистина социјалната сос-тојба негова и на фамилијата е незавидна, само заради тој момент што ете нема од републички ранг некоја награда или диплома, да му биде скратено правото на кредитирање по конкурсот од Министерството.

Мојата заложба е да сите овие критериуми преточени во усло-вите да се гледаат заеднички да не бидат исклучителни. Ако еден од нив, како што тука стои, исто така начелно и се слагам дека така треба да биде содржината во законот, да не бидат исклучителни, туку сите да се гледаат во една целина, за да навистина не се предизвикува со таквата исклучителност и строга

селективност на документите врз база на кои се поткрепуваат тие услови од операционализираните кри-териуми да не значат некоја нерамноправност, некој на кој што навистина му следува стипендија или кредит да не добие.

Би сакал едно произнесување од предлагачот за тоа што ние не ќе имаме можност во тој акт односно огласување на конкурсот да имаме влијание, а битна е определбата на Министерството по однос на ова прашање. Законот го поддржувам.

Се обраќам до студентите ова што значи зголемување финансиски средства за зголемување на сместувачките капацитети и број и износи на стипендии и кредити, да го застапуваат и да го бараат од Министерството.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Збор има господин Лазаров.

**ЈОВАН ЛАЗАРОВ:**

Почитуван претседателе, почитувана госпоѓа министер, почитувани колеги пратеници!

Секоја држава со развиена демократија води грижа за своетс младо поколение, обезбледувајќи му услови за учење и тоа главно преку условите за сместување, исхрана, здравствена заштита, стипендии и кредити, како и други воспитно - образовани и спортско рекреативни потреби на учениците и на студентите. Добро е што Владата успеа да го подготви овој закон и тоа во една, би рекол регуларна процедура во две фази и да успееме да го достави до Собранието, еве, денеска да го разгледаме и се надевам да го усвоиме. Искрено ми е жал што го немавме тоа задоволство да го донесеме и Законот за високото образование. Иако две фази овде поминаа, третата еве не успеа некако да стигне. Досега оваа материја, како што чувме, беше регулирана со други два закони, но еве сега се уредува на еден, би рекол, посовремен начин во еден единствен закон. Ние како држава сме должни да ја исполниме уставната одредба за бесплатно школување на секое дете и да обезбедиме услови за студирање на талентираните ученици, независно од тоа од која социјална структура потекнуваат односно доколку е детето талентирано, независно дали потекнува од сиромашна фамилија, ние сме должни да обезбедиме услови преку услови за сместување, стипендии или кредити, тоа дете да заврши и високо образование.

Во изминатите денови чувме дека Владата веќе презема и конкретни активностisза оживотворување на одредени мерки кои се содржани и во овој закон. Ќе ве потсетам кога се разгледуваше Законот за детска заштита, јас преку Комисијата за образование и наука предложив два амандмани од кои што еден беше амандман кој ја тангира и оваа област, да може студентите да добиваат детски додаток додека студираат, односно до наполнување на својата 26 година од животот. Но, тогаш Собранието не го прифати тој мој амандман, а во тоа, знаете, судбината на тој закон министерот во името на Владата го повлече и целиот закон. Така, ете тој закон не го доживеа својот светол ден. Но, еве сега со овој закон овозможуваме да кажам, со тој, по мене тогаш недостаток во тој закон овде да го компензираме на соодветен начин и да овозможиме на сите талентирани студенти да може да добиваат клрдити и стипенции за успешно да ги завршат своите студии.

Кога беше разгледувана првата фаза јас на Комисија изнесов одредени забелешки и овде можам со задоволство да констатирам дека претставниците на Владата, односно Владата ги прифати тие забелешки и се кажа дека и министерот и тие сега се составен дел односно се вградени во текстот на овој закон. Овој закон целосно ги одразува и програмските определби да кажам, на нашата пратеничка група, на нашата партија, како и се надевам на другите партии. Од тие причини пратеничката група на Социјалистичката партија го поддржува овој закон и ќе гласа за истиот. Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали уште некој бара збор?

Господин Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, почитуван министри, јас се обидував да нешто во себе така моето размислување што би кажал во врска со законот, меѓутоа, навистина во Законот е сеопфатено, а со поимот стандард ако се подразбира и сето тоа што е одлука, најновата одлука на Владата, тогаш се разбира дека како што е одлуката неможе и да се внесе односно не е во самиот закон, па затоа во општата расправа јас се надоврзувам нешто и со излагањето на министерот за образование и физичка култура. Ќе се надоврзувам само во тој дел каде што навистина одлуката на Владата, а веќе кога зборуваме за стандардот и на учениците и на студентите, не што кажуват само јас или зборувам јас, туку тоа е попримено доста позитивно и ситс коментари се позитивни, без разлика дека некој може да рече, па еве пред изборите и тн., меѓутоа многу е добро што, навистина и не може ништо негативно да се рече во овој случај со самиот факт дека 260 илјади ученици ако добијат бесплатни учебници и прибор, да речеме за нивните потреби доста значи. Мислам дека позитивно е коментирано во најголемиот дел на популацијата во Република Македонија.

Исто така, јас би кажал нешто во врска со дел од одлуката на Владата за проширување на можноста, односно бројот на студентите кои можат да се запишат во сите факултети т.е. кои го положиле приемниот испит. Мислам дека ако веќе од Владата имаме таква одлука да можат факултетите,зависно од тоа какви се нивните услови и просторни кадровски и тн., можат да запишат повеќе студенти, тогаш би требало да се усогласи и начинот на плаќањето при уписот на студентите кои го положиле приемниот испит. Што сакам со ова да кажам? Со самиот факт што на тие факултети им е овозможено да запишат повеќе студенти тоа значи дека им се овозможува на еден начин да тие прибираат поголеми материјални, т.е. парични средства при запишување на студенти. Студентите кои го положиле испитот ќе плаќаат во некои факултети, мислам дека е од 2.000 до 2.400 марки итн. Ако веќе се овозможува со партиципација да се запишат студенти односно да се запишат сите тие кои го положиле испитот зависно од можностите на факултетите, јас мислам дека треба да се оди или со една варијанта да се намали ценатa на плаќањето. Ако е 2000 марки нека биде 1.000 марки, а ако е 2.400,нека биде 1.200 марки при нивното запишување. Или да се даде пак еден процент на можност на тие студенти кои имаат подобар успех на приемните испити да можат еден процент од нив да се запише бесплатно.

Би сакал уште да сугерирам таа квота која важи при запишување на студентите во првиот круг, односно од тоа што е предвидено од почеток кога се барањата на факултетите за бројот на запишување, таа квота за националностите да продолжи и при проширување на листата односно можноста за запишување на студенти понатаму. Затоа што, ние имаме примери, да речеме, факултет кој запишува уште 50 студенти, меѓутоа од објавувањето на резултатите кога се објавува и квотата на националностите, при новите објавувања на списоци на студенти кои понатаму со тоа проширување односно можноста што е дадена од Владата веќе понатаму не важи квотата за националностите и тука веќе мислам дека би требало истото да продолжи и при секое ново запишување на студентите понатаму на одредени факултети.

Јас имам информација и мислам дека тоа е поставено и министерот за образование, госпоѓа Тодорова можеби ќе го потврди дека вакво нешто е изнесено односно барано, односно на самата седница на Владата. Не сум сигурен но имам таква информација, меѓутоа мислам дека со сите факултети кои запишуваат ќе запишат односно веќе запишуваат студенти по одлуката на Владата да се запази и овој критериум, односно да се бара од нив да се намали ценатa за запишување на студентите со партиципација. Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господин Настоски.

**ДИМЧЕ НАСТОСКИ:**

Господине претседателе, господа министри, колеги и колешки имаме еден закон кој што е донесен по онаа фаза на донесување на законите каде што можеше во целост да се разгледаат сите добри и лоши страни од страна на законот, условно доколку ги имаше, бидејќи имаше можност да се направат и определени сугестии, определени забелешки што во првата фаза и беше направено во комисиските расправи и на самата седница на Собранието. Можеби доблеста на министерот и на Министерството, е во тоа што сите тие забелешки се успешно компонирани во заионскиот проект и сега Законот за ученички стандард претставува еден од подобрите закони кои што ќе излезат од оваа собраниска процедура. Мислам она што го рече господинот Рамадани дека и при едно темелно препрочитување на законот и да се сака да се најде некоја забелешка во однос на регулативата што ја брани така да се рече овој закон, неможат да се најдат некои заблеешки, бидејќи мислам дека сите оние работи кои што се поврзани со ученичкиот стандард, сите оние особености кои што се исто така поврзани со ученичкиот стандард се внесе ни во оваа законска регулатива. Што значи дека пред нас имаме еден многу квалитетен закон, кој што закон треба да ја регулира една од најосетливите области, која што е многу блиску и до социјалната свера на сите граѓани во државата. Бидејќи со регулиран ученички стандард со регулирани услови за сместување на средношколците во интернатите, во домовите и на студентите е едно огромно олеснување на секое семејство и огромно олеснување на младата популација преку која што терба да се создава иднината на оваа држава.

Затоа, законските норми кои што се предложени во Законот овозможуваат побрз и-поквалитетен напредок како на средношколците, исто така и на студентите во наредниот период. Можеби овој  закон доаѓа во еден извонреден период кога пред донесување на законот Владата презеде и определени мерки кои што се од извонредно значење за зачувување односно за збогатување како квантитативно, така квалитативно на ученичкиот и студентскиот стандард. Мерките кои што деновиве се тема на расправа речиси во сите кругови имаат доста позитивен одзив во обичното граѓанство, иако некои политички субјекти во државата тоа сакаат да го прикажта како политички маркетинг. Да се каже дека е политички маркетинг, да се обезбедат бесплатно учебници за 260 илјади ученици е една работа која што треба сериозно прашаат тие што тоа го кажуваат. Нема ниедна политичка партија во државата која што во својата програма нема пред-видено бесплатно основно образование. И ако целта на сите политички партии е да се има бесплатно основно образование сега кога се презема еден таков конкретен чекор, тоа да се нарекува политички маркетинг е ми се чини голема политичка демагогија.

Затоа, можноста која што е оставен и во Уставот, а воедно сега и во пракса се спроведува да се обезбеди  бесплатно школување за основното образование од прво до осмо одделение, всушност се практицира во најновите одлуки на Владата. Мислам дека тоа воопшто не постои можност тоа да се нарекува маркетинг, бидејќи тоа е една мерка која што е дури и понатаму треба да ги подобрува условите да се размислува за уште други мерки кои што ќе го нап-равата во вистинска смисла, до крај, односно бесплатно основното образование. Дали тоа ќе биде понатаму преку купување на тетратки или подобрување на условите во основните училишта преку овозможување услови за дневен престој на учениците за еден поголем период во училиштата на престој  на учениците, тоа Владата во наредните мерки сигурно го има предвид.

Исто така, овие денови во скоп на тие мерки кои што се преземени се коментираат и одлуките за зголемување на ученичките стипендии:и кредити. По ученичките стипендии со сто посто зголемување ќе дадат можност и оние талентирани ученици, кои поради незнам какви било причини не успеале да стигнат до републички натпревари, а имаат еден континуиран одличен успех да се помогне во нивното понатамошно школување. Зашто, знаеме дека бројот на учествата на републичките натпревари е ограничен, бидејќи тие натпревари се рангирани во општински, регионални и на крајот идат државните натпревари, така што некои квалитетни ученици, кои што се навистина квалитетни не можат да дојдат до републичките награди, а тоа по автоматизам значи дека неможат да стигнат и до републичка награда. Со ова ќе има можност во

таа група на зголемување на ученичките стипендии, да се најдат и тие ученици кои што не успеале да обезбедат некоја републичка награда, а се квалитетни и можат со својот талент, со своето знаење да напредуваат многу во понатамошниот живот.

Исто така многу добра е мерката која што многу ќе влијае во подобрувањето на студентскиот стандард. Сите студенти кои што ќе имаат просек над 8 по автоматизам добиваат стипендија а оние кои што имаат над 7,5 по автоматизам да добиваат студенски кредит, бидејќи во овие тешки години може да придонесе и за поголема заинтереси-раност на средношколците за запишување на факултетите од една страна и да имаме еден подобар квалитет при самото студирање. Секој  студент ќе биде мотивиран со тоа што ќе постигне просек 8,5 да добие стипендија и колку току да има побезболен пат во студирањето.

Исто така, би сакал да кажам неколку збора и за можноста да се прошири квотата за запишување на факултетите. Јас не би зборувал за тоа колку е тоа оправдано или неоправдано, но бИ Сакал до министерот и до Владата а воедно и до унивезризтетските управи да укажам да размисалт за една можност која што може понатаму да даде еден подобар квлаитет и на одреден начин да ги намали деформациите при уписната политика. Односно би требало секој факултет да размисли за определување на најнизок праг за упис. На пример би зборувал усновно за Медицинскиот факултет. Ако тој праг е 90 поени од 100 можни сите оние средношколци кои што го положиле тој праг да бидат запишани.

Секој факултет според своите можности, според заинтересираноста на учениците треба да размисли за тој праг. Сега што ни се случува? На пример само прилепската гимназија има ученици кои што заминаа во овој период, полагаа приемен испит на факултетот, 18 ученици кои што имаат над 90 поени и за жал од нив е примен само еден ученик, а со додатната квота се примени уште двајца ученици. Значи една група на квалитетни ученици со висок степен на освоени бо дови на приемниот испит ја губат можноста да се запиштат. Дел од нив можеби ќе се запишат по пат на партиципација, но колкумина ќе имаат можност да партиципираат.

Затоа да се размисли за еден ваков вид на полагање на приемните испити каде што до израз би дошол квалитетот на средношколците и сите оние кои што заслужуваат со својот квалитет да бидат студенти на тие факултети, да не им ја скратуваме можноста. Вака се ствара една непотребна нервоза кај средношколците, дали за 0,02 или 3 поени, а тоа е многу многу малку ќе бидат во можност да го продолжат понатамошното школување на оние факултети каде што сакаат да го продолжат.

Затоа од сите овие причини, кои што ги кажав, а кои се донесени од Владата и на одреден начин го надополнуваат и вака квалитетниот закон, од мое име и од име на пратеничката група на СДСМ ќе го поддржиме законот.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани дами и господа пратеници, го прифаќам предлогот за донесување на Законот за ученички и студентски стандарди и мислам дека со него ќе бидат регулирани сите односи во трошењето на парите за оваа намена. Парите како шторечеч министерката Тодорова, ќе изнесуваат некаде околу 15 милиони германски марки годишно.

Мислам дека во услови на една голема сиромаштија во која што се наоѓа нашава држава, овие пари не се малку. Министерката Тодорова кажа за што се ќе се трошат овие пари. Имено кажа дека парите од Државниот буџет ќе се трошат за сместување и исхрана на учениците и студентите, за стипендии и кредити, за ученици, за малите деца до осмо одделение и за партипација во превозот на оние ученици кои што подолго време патуваат повеќе километри од своите домови до самите училиште во кои што се школуваат. Се ова мислам дека е добра работа и сигурно ќе биде уште подобра ако во наредниот период се најдат поголеми средства за оваа намена.

Пратеникот Настоски кажа дека парите што се трошат за младата генерација се пари со кои ние вложуваме во иднината за нашата држава. Јас во рамките на оваа расправа по овој значаен документ за нашето образование сакам да укажам на еден друг проблем за кој министерката Тодорова не најави соодветни решенија.

Имено, станува збор за опремувањето на селските училишта со нова школска опрема, да не зборувам за кабинети. Станува збор за нови ученички клупи и нови столчиња. Состојбата во селските училишта на овој план ни е загрижувачка. Имаме селски училишта каде што децата сеуште седат во клупи и на столови на кои што седеле енекогаш нивните дедовци. Мислам дека на овој план ќе мора да се најдат соодветни решенија. Министерството како така ќе си изнајде извори како во наредниот период ќе направи, така да кажам, ренесанса и на овој план во нашето образование.

Во битолскиот дел на Пелагонија, како што знаете под сељачка планина меѓу 30 села досега постоеја само две селски училишта. Во сите други села училиштата беа затворени. И печалбата и старите односи во образованието кога бившите челници тврдеа дека подобро е учениците од Моино или од Скочивир да се школуваат во Битола одколку во тие села да постојат соодветни училишта. Со ангажирање на министерката Тодорова навистина на овој план во битолско се постигнати добри резултати. Во последниве две години се отворени две нови учи-лишта едно во Моино, другото во Рапеш и радува фактот што во Мариово после четврт век од затворањето на сите училишта годинава проработи селско училиште во Рапеш. Тодорова добро се сеќава дека пред две години ја пуштија во работа новата училишна зграда во албанското село Кишева. За неа се потрошени околу милион германски марки, меѓутоа сега кога требаше во таа зграда, што би посакале да ја имаат сите села во своите средини, кога требаше да се опреми со нова опрема, да се асфалтира училишниот двор, да децата не влегуваат во една современа зграда, од селото до зградата во кал до колена, не се најдоа уште 50 илјади германски марки овој проблем да се реши. Мислам дека на овој план ќе треба да се поведе поголема грижа.

Инаку, кога станува збор за партиципацијата во превозот во некои средини не се води доволно грижа. Ние сеуште имаме мали ученици кои патуваат дневно и по 10 км. од своите домови до училиштата. За нив нема партиципација, затоа што господо нивните села немаат соодветни патишта по кои што би можело да се движи превозно средство, комбиња или нешто слично. Мислам дека случајот со селото Арматиш на министерката и е добро познато и се надевам дека есенва за проблемот со тие 12 мали дечиња кои што секој ден од своето село до Дебарце патуваат по 5 км. во еден правец, по беспаќе, кога има снег или дожд не патуваат, мора да останат во своите домови бидејќи нема пат, министерката ќе вложи напори уште оваа есен проблемот со овие дечиња да го симне од дневен ред.

**ФАИК АБДИ:**

Г-дине претседателе, господа министри, дами и г-да пратеници. Оваа материја за која денеска разговараме и која што треба оберучки да ја прифатиме, да дигнеме по две раце, а не по една рака, заслужува едно големо внимание воопшто кај целото граѓанство на РМ во Европа па и во светот, затоа што, фала богу, стигнавме до една таква мерка нашите основци, од прво до осмо одделение да можат да имаат бесплатни учебници. Тоа е една од многуте благородни работи што ќе ја направиме како држава, затоа што има деца кои што се пишуваат на една тетратка.

Сакам да се искажам за еден записник кој што дојде пред сите нас овде од Советот за меѓунационални односи каде што се кажа најмногу за образованието на децата на националностите. Ние имаме и предучилишно образование и воспитание. Предучилишно во детските градинки. Да ви кажам еден пример кој што можеби ќе биде од многу голема важност. 1990 година Македонија, односно тогашна Југославија беше посетена од делегација од страна на Германија по прашањето на реинтеграција на ромите што беа отидени во Северна Рајна Вествалија да се вратат назад. По долгите, дводневни дискусии во салата, каде што се одржува

Уставната комисија, се дојде до заклучок дека треба да се оди на лице место и да се види што е што. Јас ги прошетав до едно основно училиште за кое што се тврдеше дека тоа е направено од средствата на Северна Рајна Вествалија. Тоа нешто е ноторна невистина лага. Па, во една детска градинка исто така направена кој знае кое време и здравствен дом, исто така направени од пред 20 години. Во таа детска градинка имаше многу деца и нивните учителки ги собраа децата за гостите да испеат една песна. Децата почнаа да плачат, па сега еден од германците се заинтересира зошто платач? Па, не го знаат македонскиот јазик.

Значи, во детските градинки да се потруди нашата министерка, бидејќи имаме завршени деца кои завршиле курс по ромски јазик кој што се одржа на Филолошкиот факултет во Скопје, да направи една промена малку заради подобро познавање на македонскиот јазик. Така ќе имаме еден подобар квалитет и во врска со записникот кој беше нејќња на дневен ред од Комисијата за меѓунационални односи.

Излегов да кажам уште за една работа, за која што нејќња пишуваше во "Вечер" па уште и во некој друг весник. Граѓани на Македонија, опростете што е ова што се прави? Попис имавме, декларирање дека сме македонци, албанци, турци, роми, власи и што знам уште кои други. Меѓутоа, за упис на факултет четири деца се прогласија за роми и никој немал право да ги провери дали се роми или не се роми. Па, не може, на попис тој кажал дека е тунгуз... Ние податоци како можеме да имаме. Имаме институции за тоа.

Јас ја молам министерката за образование и воспитание да види кои се тие луѓе и да се жигосаат. Нека платат по 2 илјади германски марки. Јас не сум против квотите. Квотите постојат заради тоа што јазикот не ни е мајчин. Одраснавме во средини кои што се чисто ромски, или мешани итн. и ете не можеме да се мериме со вас во образованието, во знаењето, иако јас сум израснат во една друга средина. Јас молам ова прашање да се исправи и да се види кои се тие. На попис што се декларираат? Ако се тие масер-мангари, ние така ги викаме тие каури цигани нека дојдат, ние нивните родители ќе ги земеме во партијата и ќе ги предложиме за пратеници. Сигурно тие се деца на големи луѓе, а тие на нас ни требаат, на државата. За пример ќе ги изнесеме дека се роми, ама напред ни а не вака.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитуван министер, почитувани колеги пратеници, малку се оддалечуваме од темата што е основа на овој закон. Законот има своја основа, а тоа е ученичкиот и студентскиот стандард во кој што во основа се ученички домови, студентски домови студентски ресторани, спортски терени, објекти за одмор и рекреација и се разбира делот што го велиме стипендирање, кредитирање итн.

Мислам дека требаше повеќе да се задржиме на она што значи овој закон, бидејќи значи една новина една суштина, бидејќи овој дел се издвојува од досегашниот Закон за насочено образование, овој дел остана не издвоен, се формира посебен закон, посебен дел и мислам дека за она што значат мерките на Владата ќе имаме прилика да разговараме во точката 25 каде што имаме програма за користење на средствата кои што се сливаат во Агенцијата за трансформација. Но за тоа по тоа, а јас би искористил сега прилика да укажам дека ова Министерство во своја основа го покрива и делот што значи физичка култура.

Лично сметам дека овој дел е запоставен во ова Министерство, па ако сакате и со овие мерки и со овој закон и во оваа насока би ја замолил министерката, пренесувам револт на граѓаните од Тетово за донесената одлука за дислокација на изградба на средношколскиот училишен медицински центар "Никола Штејн", од предвидената локација на која што требаше да се стави камен темелник и беше направена подготовка, сега тој огромен центар да се гради во спортско - рекреативниот центар, единственото катче во Тетово каде што можат да се забавуваат, да спортуваат од најмалите деца преку детски игралишта до највозрасните преку разните активности познати како синдикални 2 спортски игри. Зафаќањето од 8 до 10 илјади м2 од овој рекреативен центар, единствениот во градот и од еколошка гледна точка сметам дека

практично ги нарушува основните визии за она што значи развојот на образованието и физичката култура. Никој  не ја спомнавме физичката култура и мислам дека не ќе може ние да имаме млади луѓе, здрави во иднина ако соодветно не водиме грижа и за она што значи бавење со спорт.

Никој од нас не ја спомна физичката култура. Мислам дека не ќе можеме ние да имаме млади и здрави луѓе односно иднина, ако соодветно не водиме грижа и за она што значи занимавање со спорт. Веројатно ние имаме едно оправдување затоа што ова Министерство со своите ингеренции, тука во Собранието своите компетенции, своите обврски ги распространа во повеќе собраниски комсиии,  од Комисијата за образование и наука до Комисијата за млади, спорт и екологија,  Коми-сија за култура и т.н. Значи се испреплетува во повеќе комисии. Мислам дека тоа не оправдува Министерството, сепак во основа да води сметка за двете основни дејности за косј што е формирано и чиј  назив го носи, Министерство за образование и физичка култура.

За другите прашања ќе се произнесам подоцна кога ќе дојдат на днвевен ред. Инаку полна поддршка од ДПМ и од мое лично име за конкретно предложениот Закон за ученички и студентски стандард.

**ЛАЗАР ДИМОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници. Како и многу закони што досега ги донесовме во овој Парламент и овој закон во себе има таква содржина и таква намена, овој парламент да го овласти Министерството односно Владата оваа материја да ја регулира како што знае и умее, без, во законот квантитативно и квалитативно да се определат нормите со кои оваа материја ќе се уреди.

Оправданоста од донесување на овој закон, во ова време можеби има некоја смисла, од предизборна пропаганда. Инаку овој  закон е голо овластување на Владата и на Министерството оваа материја да ја регулира така како што ќе знае и умее и во зависнсот од политичкиот момент. Аргументи за ова мое тврдење се:

Прво, овој закон во прва инстанца ги дефинира установите од областа на студентскиот и ученичкиот стандард,  какви требало да бидат: за јадење, за пиење за домување итн.

Вториот дел од овој закон ги определува надлежностите на Владата, Министерството и органите кои ќе раководат со овие установи.

Третата работа дефинира студентски кредити, услови под кои тие се добиваат и потреби од кои тие се добиваат.

Сето ова е добро, но постои еден еден голем фелер, по-кривањето на сите овие работи, како што и партиципацијата на студентскиот и ученичкиот стандард, е Буџетот. Што значи тоа:

Бидејќи во самиот закон нема, барем груба квантификација што значи тој трошок, ние донесуваме закон со кој Републичкиот Буџет го оптоваруваме или го растоваруваме со незнам колку. Мислам дека донесувањето на вакивте закони само прави проблем во регулирањето на ваквата материја. Наиме ние можеме да донесеме закон со кој ќеречеме оваа проблематика и да не се пишуваат толку страници, па плус тоа Предлог закон, закон за донесување и т.н., тешки страници пишуваме.

Овде, од регулативата што е ставена во овој закон едно е јасно, а тоа е дека за оваа проблематика е задолжена Владата и Ми-нистерството. Се друго е само улепшавање.  Мислам дека овој закон ниту ќе даде резултати, ниту оваа материја со овој закон ќе се регулира. Причините за ова мое тврдење се следните:

Ако ние во првата инстанца ги дефинираме установите од областа на студентскиот и ученичкиот стандард, ако тоа е без покритие или смао да речеме дека партиципацијата во користењето на студентите и учениците од тој ученички студентски стандард ќе го покриваме од Буџетот, тоа ништо не значи. Тоа значи од политичкиот момент, има избори, нема избори, ќе има

добра храна, ќе нема добра храна, ќе се примаат, нема да се примаат кои ќе се прима и т.н. тоа ништо не значи.

Втората работа, мошне битна работа е, мошне добро тука кажа Димче Настески од Прилеп. Вели таа работа пуста убавина, децата што немаат пари, а бистри се, ќе ги школуваме, што нема везе.

Понатаму околу кредитите и степендиите на учениците. Вели: Потребите од тоа дали ни требаат такви умни деца, или не ни требаат ќе ги утврдува Министерството, односно Владата. Тоа е малку една лита работа. Една лита работа што не може во еден закон да стои, бидејќи во законот се регулираат јасни работи, не имагинарни работи. Мислам дека овој закон е потребен како закон што ќе ја регулира оваа материја од општественото живеење, но вака како што е предложен не е ништо друго туку само еден предизборен политички маркетинг на владеач-ката партија. И они не мислат дека со оваа работа нешто ќе се реши, но, можеби и они се во право сакаат да му соопштат вест на народот, односно ние да му донесеме закон на народот, убав за увото.

Еве, јас да прашам: Примената на овој закон, што каде и како ќе донесе. Значи од прилика се остава простор оваа материја да се регулира по добрата желба на министерот, на министерката во конкрет-ниот случај, можеби и та анема да биде, но не е битно, законот за многу министри и министерки ќе важи, за многу политички влади ќе важи. Законот треба да има една основна работа, тоа е да ги регулира односите, без разлика кој владее и како ќе владее и да не азвиси дали ќе има во Студентскиот дом салата, или ќе нема салата, од политичката клима.Или дали оваа година ќе има кредити. Можеби Владата односно Министерството, ќе измисли дека Владата може да финансира и интерес е на Македонија да инвестираме студирање на студенти за космонаути, а фала богу ние ќе немаме такви и се ќе биде таман. Се додека тоа стипендирање, тоа партиципирање кое што ние како држава треба да го направиме не е јасно дефинирано, толку чини тоа, ако кажеме дека чини 20 милони марки, 30 милиони марки, за тоа соодветна позиција треба да се обезбеди во Буџетот.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Почитуван претседателе, почитуван министер, почитувани пратеници, земено во целина, ќе кажам дека ќе го поддржам законот кој претставува извесна новина во одредени области и настојува да биде целосен, иако по мои гледања, ќе кажам има некои недоречености.

Наиме, законот настојува да регулира проблематика која е многу важна особено за нашите идни генерации, проблематика која е многу важна по своето значење, особено кога станува збор за обезбедувањето на еднакви услови во уживањето на она што претставува ученички и студентски стандард.

Мислам дека г-динот Тантаров се ангажираше за една работа што јас потполно го подржувам и кога станува збор, а во извесен дел е направен напор и тоа да се спомне, меѓутоа само делумно е спомнато. Станува збор наиме за обезбедување на еднакви услови и во училиштата, а такви еднакви услови ние во училиштата во Македонија немаме мораме тоа да го признаеме. Неможе да се споредува, Тантаров зборуваше, за едно село таму, но јас ќе кажам дека истовремено не може да се споредува стандардот на едно осмогодишно училиште во Дебар со едно на пример во Охрид. Во никој случај. И тука мислам, бидејќи зборува за ученички и студентски стандард мислам дека и во тој правец треба да прави напори законот донекаде да ги изедначи. За целосно изедна-чување не може да стане збор, бидејќи јасно е, имаме различни училишта, зборувам за осмогодишните, бидејќи имаме и училишта каде повеќе нас повеќе генерации, мислам 5, 6, 7 и 8 година се вклучени односно комбинирана настава, но треба да се настојув априближно да ги приближиме условите, бидејќи не приближувањето кон тие просечни услови да ги наречам, значи и не приближување кон можностите заупис на факултетите ако станува збор за средните, на факултетите, односно ако станува збор за осумгодишните, во средните училишта.

Мислам на сите ни е јасно какво е знаењето на учениците кои учат во комбинирани училишта или каков е на пример еден ученик од Скопје и од Охрид. Мислам дека тоа Вие во Министерството подобро го знаете отколку јас, но тој впечаток и јас го носам и затоа мислам дека треба да настојуваме да ги изедначиме условите.

Една позитивна работа која е направена во законот, а не доволно доречена до крај е проблемот на признавањето на функционира-њето на приватните установи за ученички и студентски стандард. Свесен сум за тоа која е можноста на државата да обезбедува рамноправни услови за развој и на едното и на другото, меѓутоа мислам дека треба да правиме напори и во таа област барем да почнеме да профункционираме. Даваме право да можат да се формираат такви установи, меѓутоа не дава ме и можност барем и делумно да учествуваме во финансирањето на нивната работа преку финансирање или преку апртиципација. Мислам дека тоа треба да го правиме. Искуствата во државите во Европа се такви, односно стои такво искуство и рамноправно приватните установи се третираат со државните.

Свесен сум дека тоа не е направено и по однос на надзорот, по однос на правата на Министерството, односно Владата во однос на поставување на директор и на други работи, иако по однос на програмата го има тоа право, исклучиво мора да се работи по таа програма, меѓутоа во финансирањето не доволно направено. Затоа мислам треба да најде, во прво време јас би рекол со извесен дел на средства, за понатаму да би ги финансирале рамноправно, без разлика дали се работи за приват-но или државно, бидејќи тие служат на истите цели, не служат на раз-лични цели, работат под иста програма. Тогаш треба да правиме напори на тој план тоа да биде така.

Мислам дека недоволно е разработено тоа прашање во законот и заради тоа се ангажирам за тоа. Кога станува збор за ова јас направив напори и интервенирам со еден мал амандман, па би молел да биде прифатен.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Газменд Ајдарага поднесе амандман на член 57, по кој Владата не се произнела.

Отворма претрес по амандманот на член 57 поднесен од пратеникот Газменд Ајдарага.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**СОФИЈА ТОДОРОВА:**

Амандманот не се прифаќа од едноставна причина што навистина треба да се избилансира што тоа ќе значи. Но, тоа пак не значи дека во доменот на тековната политика во оваа сфера нема да се обез-беди партиципација од стран ана државата во исхраната и во сместува-њето на учениците и на студентите, без оглед во кој капацитети тоа ќе се реализира.

Мене ми остави впечаток и општата расправа на законот. Едноставно како да не сакаме да разграничиме она што претставува систем и она што претставува политика. Ако во овој закон бараме решенија каква ќе биде содржината на салатата во ученичките и студентските домови, тоа објективно не ќе можеме да го најдеме. Ова е една општа рамка, а ние упатуваме и на конкретна програма каде што и конкретно ќе се избалансира обемот на средства што ќе може да биде наменет за задоволување на потребите на учениците и студентите. Иако пак во рамките на таа тековна политика во оваа сфера веројатно ќе биде можно и определено партиципирано со средства. Да не создаваме сега законска обврска.

Амандманот не се прифаќа од тие причини.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Јас и во претходното мое јавување во општата расправа појаснив некои работи. Излегнав сега на говорница, бидејќи министерката не го прифати амандманот. Меѓутоа, не случајно интервенирам со амандманот и велам дека дел на средства, не кажав ни во проценти, туку само сакам да укажам на тоа дел да се обезбеди, па нека биде тоа еден денар. Затоа не реков коај сума на средства.

Меѓутоа, да почнеме да го развиваме она што досега го имаме. Ако му даваме право наприват-ниот сектор да формира вакви установи, а мислам тоа е и уставна обврска, тогаш мислам амандманот треба да биде прифатен. Јас не реагирав со висина, не случајно, свесен какви се сосотјбите. Но, да правиме напор, дел на средства, па нека биде формално еден денар. Тоа го кажувам и од причина што на тој начин ќе можеме ние, засега немаме такви установи, ќе можеме да ги стимулираме да се формираат. Од тој аспект ако нешто нудиме, тогаш јас мислам дека тоа треба да го понудиме и да направиме чекор напред.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставамна гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (16).

Констатирам дека Собраниетоне го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (63).

Дали има некој против? (1).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието го донесе законот за ученички и студентски стандард.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Минуваме на точка 25 – Предлог - програма за изменување и дополнување на Програмата за користење средства што ги остварува Агенцијата на Република Македонија за трансформација на претпријатијата со општествен капитал за 1998 година.

Предлог - програмата ви е поделена. Молам, кој бара збор?

Има збор господин Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги пратеници. Тука имаме една Предлог - програма што е веќе во фуниција, очигледно, бидејќи средствата од оваа програма веќе се користат, барем такви се информациите. Се печатат учебници. Денеска имаме информација дека се дистрибуираат и сето тоа е во ред.

Прашање е сега дали ова Собрание оваа програма ја донесе на некоја претходна седница на која што не бевме сите повикани, поканети или треба оваа програма да ја утврди ова Собрание денеска на оваа седница.

Барем јас не сум информиран дека оваа точка на дневен ред била на некоја седница тука и мислам дека не е згодно, не е пријатно, навредливо е за овој состав, почитувани дами и господа, утре ќе дојдат други пратеници, со право ќе кажат дека имале, ако не друго, барем достоинство извршната власт да не ги дерогира, навредува, туку барем, ако не повеќе, ги почитува.

Ова за мене е еден нон сенс. Денеска тука треба да измениме Програма што е веќе донесена, усвоена за оваа година и тоа во услови кога пред претходно веќе се извршени сите подготвителни работи, преземени се конкретни мерки и чекори дека оваа програма е усвоена.

Сигурно дека мнозинството тоа ќе го направи. Меѓутоа, мислам дека немаше потреба од такво забрзано темпо и сега, да ризикувам некој да ми префрли, да употребам збор забрзано изборно, предизборно темпо, но што е тоа е.

Прво, на оваа програма, јас ќе се задржам дека ние денеска располагаме со 160 пати зголемени средства во однос на Програмата што ја донесовме за 1998 година. Денеска, тука располагаме со средства во висина од 499 милиони денари. А, во претходната Програма располагавме со средства од само три милиони денари. Образложението дека имаме зголемен прилив по основ на приватизација, тоа е во ред, меѓутоа неколку мои забелешки:

Средствата што ги остварува Агенцијата треба да се трошат за следните намени:

1. Враќање на надворешен и домашен долг, каде што на прво место е долгот кон девизните штедачи, што со овој програм останува непроменет;

2.  Обезбедување право на работници и создавање можности за вработување на оние кои останале без работа поради точно таа трансформација во која што се слеваа тие средства;

3. Обештетување на лица кои полагаат право на денационализација, за што практично ние ниту слушнавме, ниту конкретно издвоивме, ниту пак имаме информација дека барем во оваа година по основ на денационализација ќе се потроши дел од средствата акумулирани во Агенцијата за приватизација;

4.  За мене најважно, трошењето на средства може и треба да биде за развојни програми и проекти.

И сега, ние добиваме денеска програма, Предлог на програма значи практично во едно корегирање на веќе донесената Програма, во која што практично акцентот е на позицијата IV Развој кој што средства треба да се потрошат за набавка на книги. Другото мислам дека е пери ферно и занемарливо.

Прашањето е дали развојот, за што неслучајно со законите е предвидено дека треба да биде една од основните ставки за што ќе се трошат средствата акумулирани по основ на преструктуирање, дали тој развој треба да биде занемарен, дали тој развој не не заинтигирува сите, бидејќи трансформацијата без развој нема шанси. Овие денови сме изненадени дека и добростоечките рентабилни фирми по некоја забрзана постапка се приватизираат, фирми што носат профит, профитабилни и фирми што се столбови на македонското стопанство.

И, ќе додадам не случајно дека овие четири позиции предвидени за трошење на средствата од Агенцијата за трансформација не се случајно избрани како позиции. Не е случајно ниту враќањето на девизните заштеди, ниту точките 2 и 3 што значат вработување по однос на преструктуирање и трансформација вклучувајќи го и технолошкиот вишок и стечајните работници и најважното, развојните програми.  Не се случајно од следните причини:

Првата позиција, да не се правиме недоветни, огромни сред-ства по однос на Фондот  за неразвиени, сојузен и републички, одеа во развој на тие стопански субјекти. За тие средствасе задолжуваше државата. Тие средства беа, условно земено  бесплатни. Знаеме сите. Со многу ниски камати, во услови на такви инфлаторни движења и варијабилен курс на валутите.  Според тоа и сега едноставно ние, да ги занемариме сите овие позиции и едноставно да немаме средства ниту за девизните заштеди, ниту за  вработување,  мислам повеќе ниту да почне барем процесот на обештетување по основ на денационализација, ние посегнуваме по ставката - Развој.

Јас ќе ви кажам, длабоко сум разочаран што некој во оваа држава сака да не направи сите недоветни и да ние, развојот...

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господине Стојановски се извинувам што ве прекинувам, имате уште една минута.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

И ние развојот да го третираме како обезбедување учебници за основно образование. Па, зарем до сега ние не обезбедувавме за нашите деца? Сакаме нешто повеќе во развојот дами и господа.

1. Социјални случаи во образованието, да за нив да се обезбедат учебници, но не на сите.

2. Вработени во странство, за чие школување на децата издвојуваме средства од персоналниот данок, сега ќе им дадеме и учебници, а имаат личен доход од неколку илјади германски марки и се чудат што е ова, која е оваа сиромашна држава, која е оваа држава што ги прави овие погодности.

3. Дали претходните дискусии дека треба да стимулираме студирање и поголем број студенти во овој случај не е во колизија со развојната компонента? Ќе имаме завршени студенти, немаме услови за развој, немаме вработување. Без оглед на сите погодности. Од една страна стимулираме високо образование со сите овие мерки, од друга страна Фондот за развој го исцрпуваме и го пренаменуваме.

4. Дали со...

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, да ја почитуваме Одлуката.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Досега не е опоменат никој, а јас можам да бидам опоменат, нели? До сега не беше опоменат никој, нели.

Јас ќе додадам само дека, колку пати јас тука и дискутирав и до Уставен суд доставивме дека ние за електричната енергија плаќаме 5% повеќе во малопродажната цена, пет години, тоа се 30 милиони германски марки. Зошто овие средства не ги наменивме за набавка на учебници? И понатаму ние како граѓани ова го плаќаме, а зафаќаме од еден Фонд за развој.

Ве молам, не можам да ја поддржам оваа одлука, отворено кажувам дека таа е кратковида одлука и дека од најголем број на граѓани не е прифатена, затоа што родителот ако не повеќе, барем најголем дел на родители ќе им обезбедат учебници на своите деца, затоа што тоа е обврска, а тоа значи и едно психолошко оспособување и педагошко воспитување дека родителот не е толку сиромав да не може да му купи буквар на ученикот во прво одделение и книги во прво одделение.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ајде, ве молам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господин Таки Фити, министер за финансии.

**ТАКИ ФИТИ:**

Почитуван господине претседателе, дами и господа, почитувани пратеници, должам едно мало објаснување, бидејќи имаше некои работи во дискусијата на господинот Стојановски што едноставно не се точни. Јас се надевам дека можеби не ја видел добро Програмата.

Видете, прво, сакам да кажам и да потсетам дека според членот 93 од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, средствата што Република Македонија ги остварува од приватизација, меѓутоа ве молам на претпријатијата со општествен капитал, според тој закон се насочуваат на посебна сметка на Република Македонија при Народната банка на Македонија и тоа е така направено и така е постапено, според законот.

На таа сметка, во овој момент има околу 800 милиони средства што припаѓаат на државата. Фактички има поголем износ, меѓутоа дел на тие средства припаѓаат на Фондот за пензиско инвалидско осигуру-вање итн. Според тоа, тие средства се таму.

Натаму, законот јасно вели дека тие средства, како што објасни господинот Стојановски, тие средства можат да се користат само според определени намени и според програма што ја донесува Собранието на Република Македонија. Според тоа, до колку Собранието на РМ денеска не ја прифати, не ја донесе програмата, се разбира дека ние не можеме да ги користиме тие средства и нема да ги користиме, апсолутно.

Според тоа, не мислам дека нешто е прејудицирано. А, дали веќе почнале јас не знам. Можеби почнале да се печатат учебници итн. Меѓутоа, проблемот е во тоа, ако учебниците се отпечатат а не се донесе програмата, тогаш родителите ќе си ги платат тие учебници. Инаку, тие подготовки нормално во овој период се прават и се работи, бидејќи претстои учебната година. Ако Собранието денеска ја усвои програмата, според намените онака како што предлага Владата, дури тогаш ние ќе се здобиеме со законски основ да можеме тие средствада ги намениме, така како што е предвидено во програмата.

Понатаму, да укажам на фактот дека ова Собрание, тука господинот Стојановски најверојатно ја видел претходната програма, веќе донесе Програма за начинот на користење на средствата од приватизација на претпријатијата со општествен капитал на вкупен износ од 100 милиони денари. Значи, Програмата не беше три милиони и 950, туку тоа е 100 милиони. Сега, на тие 100 милиони се додава една нова ставка во позицијата Развојни проекти за образование, вкупниот износ на чи-нењето на таа ставка е 496 милиони, и како што можете да видите, таа ставка е ставена во Развојни проекти каде што и претходно имаше три милиони. Заради тоа таа ставка доаѓа 499 милиони. Според тоа, се е направено онака како што го дозволуваат законските можности.

Инаку, сакам да потсетам, точно е тоа што господинот Стоја-новски го кажа кои се намените според законот. Меѓутоа, од сите тие ставки имаме средства во Буџетот што нормално се реализираат во целиот временски период. По старата Програма имаме предвидено дел од средствата и за девизното штедење. Еден многу мал број е за развојни проекти, три милиони. Ние го третираме овој проект како развоен проект, бидејќи не треба овде посебно да разјаснувам и објаснувам дека образованието и сферата на образованието не влегуваат само и исклучиво во доменот на потрошувачката. Напротив, се работи за еден вон-редно значаен долгорочен развоен фактор, со далекусежни позитивни ефекти врз динамиката и квалитетот на вкупниот стопански раст и развој. Впрочем, ако Република Македонија има некоја компаративна предност како мала земја во ресурсите, тоа е образованието и знаењето што го имаат луѓето и висококвалификуваните и оние со факултет и оние со магистратури, докторати итн. Ние го третираме тоа како развоен фактор и така вообичаено денеска тоа се третира. Затоа мислиме дека оваа намена е оправдана.

Само овие забелешки и објаснувања сакам да ги кажам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Реплика за господин Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине министер, јас очигледно вие потврдивте, не реков ништо погрешно, ништо што не е содржано во програмите. Реков дека од позицијата три милиони за развој е зголемена на 499 и јас пресметав дека е 160 пати. Тоа е прво.

Второ, не можам да бидам убеден дека развојот што подразбира инвестиции, што подразбира нови технологии, нова опрема, што подразбира следење на светските трендови да биде, извинете на изразот вулгаризирано со учебници во основното образование. Не можам да би-дам убеден затоа што неслучајно, сигурен сум, со едно ваше снаоѓање господине министре, сигурен сум кога е конципиран овој закон, кога се наведувани овие членови, ставено во членот 93 токму Развојната компонента значи нови работни места,сигурност во вработување, за да се инвестира таму. Сигурно не биле учебници. Немојте, некој ќе помисли дека во Македонија до

1998 година немало учебници во основното образование кој да им купи на учениците. Мислам дека тоа нема смисла.

Денеска во печатот имате дека од денеска почнува дистрибуцијата на учебниците до училиштата, не до продажните пунктови, до училиштата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор госпоѓа Тодорова, министер за образование и физичка култура.

**СОФИЈА ТОДОРОВА:**

Би сакала да интервенирам околу овој исказ дека, на некој начин, се дезавуира Парламентот, затоа што пред да се интервенира во оваа програма веќе се одвиваат активностите согласно заклучоците на Владата.

Тоа не е точно. Во ова време, кој ќе ги купи учебниците, се врши печатење на учебниците. Посебно оваа година имавме и конкурс за да создадеме и конкуренција во оваа сфера. Има нови издавачи што сега ги печатат своите учебници. И до сега функционираше праксата учебниците да се дистрибуираат до соодветните училишта, со цел да се елиминира трговската маржа во ценат, а што во тој случај ја плаќаат родителите. Значи, тоа не е нешто што е непознато.

Се разбира, тоа што кажа министерот Фити, се очекува интервенција во Програмата за намена на средствата прибрани од приватизацијата на претпријатијата со општествен капитал, па дури тогаш ќе создадеме материјална основа за реализација на заклучоците на Владата. Во спротивно, се разбира, ќе остане досегашната пракса, но не така како што беше во изминатиот период.

Во моето излагање кажав дека на овој проект работиме веќе едно пет години. Обезбедивме дури и определени екстерни извори за финансирање на Проектот, но прашање беше дали ќе одиме со постапно воведување или ќе можеме да обезбедиме средства од оваа година да стартуваме со опфаќање на сите основци.

А, околу развојот, кој како го разбира. Некој можеби го разбира дека се тоа само вложувања во опрема, во технологија, изградба на нови згради и можеби добар дел од проблемите на оваа земја со кои денеска се соочуваме се токму вложувањата во нови згради, учествува со 50% од вкупните инвестициони вложувања. А, денеска се знае, во матрицата на детерминантите на развојот во највисок ранг на значење е факторот знаење, умеење, способности кај човечкиот ресурс, а тие се создаваат во текот на образованието. Така што вложу-вањето во образованието неспорно претставува вложување во развојот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Конечно, господинот Димов има збор, со потсетување дека навистина според Деловникот министерот има право секогаш да се јави.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор Лазар Димов

Конечно, г-динот Димов има збор, со потсетување дека навистина по деловникот министерот има право секогаш да се јави.

**ЛАЗАР ДИМОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници и оваа програма е уште еден доказ дека Владата има долгорочно осмислување на реализацијата на средствата од приватизацијата.

Од досегашните извештаи кои стигнаа пред овој Парламент за реализацијата на овие средства, за планот на нивната реализација и за нивното натамошно реализирање, може да се види колку е стратегиски обмислено и кои се тие намени. Колку што паметам интенциите на таа приватизација уште со донесувањето на законот и со планот за користење на тие средства беше поприоритети да се измират следните потреби:

Прво, долговите кои оваа држава ги има спрема нашите граѓани и спрема странство.

Втора работа по приоритет доаѓа развојот на оваа општина, Трета работа, доаѓа стандардот.

Ако тоа така го гледаме овој предлог сега од 18 милиони ДМ треба да ги вложимне ваму само кажува колку ние обмислено како Владата за себе, а ние уште повеќе како Парламент оваа пробеламтика ја следевме. Ниту ние знаевме како тие средства се реализираа,  а ниту знаевме каде да ги насочиме. Ако се сеќавате, пред месец дена еден симпатичен дебељушкаст министер толку добро се залагаше тие средства од 30 милиони да направи банка, од парите што ги добивме за пошта, направивме банка, покрај сите банки да направиме банка за развој и унапредување на извозот. Тоа е развојната програма на нашата Влада тоа што стратегиски мисли и обмислува. Сега, симпатично вели, еве Министерството многу убаво кажа, па овие пратеници не се разбираат што е развој, развој  не е само згради и машини, нашата министерка сега ни вели дека нашиот развој е во луѓе да вложуваме.

Па по тој основ г-ѓо министерке ние имаме многу паметни луѓе во оваа држава, но немаме имање, за никаде сме. Некако ни се испомешани поимите и критериумите. Ова вложување од 17 или 20 милиони ДМ за купување на учебници од овие средства луѓе, тоа е потценување на сопствениот народ и понижување. Ако веќе, а сигурно ќе помине оваа одлука,  јас го предлагам следното тие пари кои се предвидени со програмата да им се дадат на луѓето да си купат учебници а не да одат преку некои фирми, преку некои нови организации и издавачи, па немој да испадне како личните карти испаднаа многу поскапи кога ги финансираше државата. Значи, јас не се сомневам дека оваа одлука ќе помине, бидејќи по белото гледање од мојата десна страна јасно е како ќе помине таа работа, но ако се има малку страм нека оди ова, но парите нека се дадат на родителите да им купат учебници и да се чувствуваат не толку понижени да купат учебник за првачето, да му купи буквар на своето прваче и мислам дека повеќе не можам да очекувам од овој Парламент, а ова е ужасна работа, министерот за финансии, до него министерката за просвета со вакви аргументи испаѓаат да ја бранат оваа одлука.

Тоа е многу жална работа. Ние го распродадовме имотот 4 милијарди долари на оваа држава дали на чекање, дали на отпуштени работници собравме 30-50-100 милиони ДМ и сега ви се молам од тие пари за ваква намена. Јас се разбирам политичката прагматика дека треба да се добие на изборите,  но дајте немојте народот да си го понижуваме, срамота е сега со оваа работа, да е обмислена,  да е трајна работа како приори-тет да,  но ова, мислам покрај  сите овие работи 30 милиони ДМ вложивме во некоја банка за извоз. 30 милиони марки вложивме формиравме банка со тоа што требаше некој да си најде свое решение. Сега 20 милиони фрламе за оваа работа. Значи, ако од продажбата на општествениот капитал приоритет се по ред,  ако оваа држава на граѓаните - сопствениците долгува милијарда марки и нешто повеќе, ако долгува на страна, тој општествен капитал има најгола и најчиста логика да се дадат тие пари на луѓето кои ги вложиле овде,  бидејќи тие што ги заработиле парите најдобро ќе знаат каде да ги вложат, каде да ги оплодат. Мислам дека ова е понижување на сопствениот народ за некои прагматични, лицемерни цели и идеи.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор господинот Шапуриќ.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, почитувани претставници на Владата. Лично сметам дека е добра измена на Програмата за користење на средствата што ги остварува Агенцијата на Република Македонија за трансформација на претпријатијата со општествен капитал за 1998 година, со која ќе се финансираат развојните програми, пред се во образованието, за подобрување на ученичкиот и студентскиот стандард. Иако сметам дека оваа мерка на Владата е доста задоцнета, па така испаѓа дека се работи за само предизборен маркетинг на Владата.

Ќе потсетам, почитувани пратеници, дека ЛДП и нејзината пратеничка група уште одамна се залагаше за предвидување на средства за реализација на уставноста односно законската определба дека основното образование е бесплатно и дека учебниците за основците треба да бидат поделени  бесплатно.

Но, и покрај  тоа што ова залагање на ЛДП и нејзината пратеничка група Владата доцна го прифати, сепак е добро, макар и доцна, Владата го прифати ова наше залагање. ЛДП прва и одамна се залагаше за доделување на бесплатни учебници по систем да се употребуваат и да се вратат во циклус од 3 до 4 години, како што е случај во повеќето земји од Западна Европа и на ова покажуваат нашите заложби на Пратеничката група на ЛДП во овој Парламент, а дека е тоа точно ќе цитирам само еден кус приказ од стенограмот на седницата од пред два месеци кога се поставуваа пратенички прашања, кога поставив пратеничко прашање до Владата и Министерството за образование и физичка култура. Цитирам: "Прашањето до Владата и Министерството за образование и физичка култура, бидејќи при упис на децата во прво одделение во основните училишта годинава за првпат е наплатуван лекарски преглед, прашањето е зошто се извршува оваа услуга односно, зошто се наплатува на деца кои се запишуваат во прво одделенеи, бидејќи велиме според Законот за основно образование, а и според Уставот тоа е задолжително и бесплатно.

Сега, наместо да одиме кон реализација на она што е декларативно предвидено во Законот, а знаеме дека во земји условно да кажам, каде постојат најконзервативно ориентирани влади во тие земји со закон и други подзаконски акти е предвидено учебни-ците на децата во основни училишта да се доделуваат бесплатно. Меѓутоа, наместо кај нас она што е декларативно кажано во законот наместо основното образование да го направиме навистина бесплатно, да се доделуваат бесплатни учебници на основците, се оди во една друга крајна мерка.  Имено,  годинава за првпат и лекарскиот преглед за децата кои се запишуваат во прво одделение се наплаќа, а согласно Законо за основното образование кај нас основното образование задолжително и бесплатно.

Од ова, почитувани пратеници, сакам само да потсетам дека ние одамна се залагавме за ова и покрај  тоа што, ќе повторам, малку доцна е дојдено, дојдено е пред изборите, лично јас ја поддржу-вам оваа измена на програмата.  Исто така лично сметам дека од оваа програма барем во прва година на студирање најмалку во износ од 50% треба да се финансира партиципацијата за студирање, бидејќи партиципацијата за студентите за прва година изнесува во просек оклу 2.000 ДМ а за студии на медицински науки тоа е околу 2.400 ДМ, па со оглед на економските услови е навистина висока и оттаму се залагам дел од таа партиципација барем за прва година на студии да се финансира од оваа програма условно кажано од државата затоа што токму во прва година на студирање се врши селекција односно можат да се видат афинитетите на студентите дали можат успешно да ги продолжат студиите.

Како што е познато, почитувани пратеници, голем број на кандидати за запишување на факултетите оваа година односно на прва година на факултетите не беа во можност да се запишат и покрај извонредно добрите резултати на тестирањата, пред се поради огромната конкуренција што значи висок квалитет на сите кандидати кои конкурираа за упис на факултетите. Оттаму сметам дека беа оправдани реакциите на студентите и родителите, бидејќи тие не можеа да се запишат и покрај високите бодовни резултати. Но, дадената можност за дополнителни квоти за упис на факултетите најголем број од студентите не можат да ја искористат поради нискиот стандард и неможност да се плати оваа партиципација од 2.000 ДМ, па оттаму предлагам за прва година студирање во наредната година најмалку 50% висината на партиципацијата да биде финансирана од програмата односно од државата.

На крајот уште еднаш ќе потврдам лично јас ја поддржувам оваа мерка и покрај тоа што сметам дека е задоцнета. Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Звонко Каров.

(До тука)

**ЗВОНКО КАРОВ:**

Господинете претседателе, почитувани министри, почитувани дами и господа пратеници. Мислам дека не е добро, бидејќи претста-вуваме граѓани од различни средини и неодминлив е впечатокот дека од донесената владина одлука кај родителите постои големо задовол-ство и по намената и по износот на средствата која оди во правец на подобрување на стандардот и на учениците и на студентите и воопшто средствата наменети за образованието.

Околу тоа имав тоа да го кажам и мислам дека не е добро да излегуваме како пратеници и да даваме изјави дека родителите оваа мерка не ја поздравуваат,напротив барем е таков впечатокот кај нас во општините Кавадарци, Конопиште и Росоман.

Морам да кажам во оваа прилика дека не е доволно понекогаш и нешто да се констатира или да се каже требало порано, зошто е сега итн. имајќи предвид и неколку други факти каде Собранието на РМ на некој начин е вклучено активно како законодавен дом во проекти било во овој состав на Собранието било некои кои биле во претходниот состав кога основните контури на трансформацијата на претпријатијата со општествен капитал се дадени и многу добро знаеме кој е тој прилив на средства и кога и од кои институции задолжени по закон може да се очекуваат. Така што во оваа прилика не е на одмет по тој дел малку да се потсетиме имајќи предвид дека изборот на начините и техниките на трансформирање на претпријатијата со општествен капитал такви какви што беа донесени во првиот состав на Собранието и временската дистанца што тие како приливи и очекувања треба да донесат токму периодот 1998 е период кога и Собранието и пратениците, се разбира и Владата очекуваат приливи по основ на приватизацијата.

Ја само би потсетил на неколку моменти кои треба да се земат во предвид, а тоа е дека имаме доминирање на модели и начини на приватизација кои се такви кои опфаќаат не мала бројка од 130 илјади вработени каде доминира моделот на откуп на вработените и на прептријатијата и преземање на управувањето.

Не е на одмет исто така да се потсетиме дека Агенцијата стекна значајно портфолио на акции во приватизираните претпријатија кои во текот на 199 8 година почнува да се реализира, тој износ не е мал некаде 399 или 400 милиони ДМ. МОжеби не во оваа прилика и по овој закон да потсетиме на Одлуката која придонесе за подобрување на финансиската состојба на Фондот за пензиско и инвалдиско осигуру-вање кој капитал од 15% стави на конто на Фондот кој може да тргува околу 220 милиона ДМ, да не заборавиме дека приливите,имајќи во пред-вди дека плаќањата по запишаните попусти или повалстени услови изне-суваат некаде 350 милиона ДМ, некои се веќе отплатени, меѓутоа, оста-нуваат 170 или 180 милиони ДМ кои во текот на 1998 година исто достиг нуваат така околу износите да не се зачудуваме зошто 1998 година е така поголема и оние обични акции кои државата ги стекнала по не-колку основи кои исто така не се за потценување се работи за 230 милиони ДМ преку Агенцијата за санација, претходните вложувања што државата ги имала во тие капацитети, програмата за преструктуирање, конверзијата на побарувањата на државата итн.

Еден друг аспект, сосема накратко, мислам дека ни е долж-ност и како пратеници да укажеме на некои наши залагања при проекци-јата на Буџетот дека имаме ограничување на изворните приходи каде ги финансираме јавните потреби во износ од милијарда и 220 милиони долари дури и таквите со изворни приходи и социјалните фондоиви преминуваат една граница од 40 милиони од бруто домашниот производ, меѓутоа, се движиме во тие рамки, добри сме, иако заложбата е да биде 40% што условува јавна потрошувачка која не може директно со намена на средства од 800 милиони денари да ги внесеме во Буџетот, како што рекоа колегите Стојановски и Димов имајќи предвид дека веќе нарушуваме и навлегуваме во зона на варијабли макроекономски кои сме ги проектирале да дојде до масовно нарушување.

Мој совет до министерот и до Владата општо евентуално од оие средства во реабалансот да внесеме измена над 100 милиони денари под претпоставка да немаме остварување овој износ што ни е планиран од 100 милиони денари.

Овде се замешаа и преземените обврски по основ на старите девизни влогови, мислам дека треба да бидеме реални и да кажеме дека со буџетската проекција и во расходот учествуаме со 16,5 милиони долари што не е за потценување иако целосно регулирање на овој долг значи едно дополнително оптоварување и приоритетот што господинот Димов го спомна за странските долгови мислам дека и овде објективно треба да ги согледаме работите и да кажеме јавно пред поширокатa јав-ност дека Република Македонија и со проекцијата и со Буџетот 1998 година се надеваме дека ќе изврши отплата на надворешниот долг од 2 милијарди од 40 милиони долари и каматите по странските кредити од 41 милион долари.

Спрема тоа, оваа предлог-програма која значи намена на средства во образованието, мислам дека гледајќи од аспекти на претста вување на граѓаните и на родителите, треба да ја прифатиме.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Коцевски.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани дами и господа, од тоа колку следиме во средствата за информирање непо-битен е фактот дека се поделени мислењата на граѓаните околу најновите мерки на Владата пред се затоа што тие се поклопуваат неколку месеци пред редовниот тремин на одржување на следните парламентарни избори. Добар дел од граѓаните веројатно затоа што се наоѓаат во тешка економска и социјална состојба ги поддржуваат овие мерки затоа што им се добредеј-дени, затоа што не се едноставно во позиција од лични свои средства да обезбедат учебници и учебни помагала и се што е неопходно за нивните деца. Меѓутоа, непобитен е фактот дека има и граѓани на Република Македонија кои не реагираат баш позитивно на овие мерки пред се затоа што сметаат дека Владата можела слични на овие мерки, или исти вакви да превземе извесно време понапред, или минатата година, а тоа не го направила и го чуствуваат ова како силна навреда, затоа што сметаат дека Владата на Република Македонија треба прво да создаде услови сите граѓани на РМ да бидат во состојба со чесно заработениот свој личен доход да имаат доволно средства за да си ги издржуваат и образу-ваат своите деца.

Господинот Шапуриќ го кажа ставот на ЛДП. Непобитно е дека ние од поодамна се залагаме за една ваква мерка. Тоа што Владата е во позиција дали имала и таа иста ваква идеа, или ја превзела како туѓа идеа не е сега важно, важно е дека Владата е во позиција да прев-зема вакви конкретни чекори и да нуди вакви мерки на Собранието и тука ние ништо неможеме против тоа. Меѓутоа совеста ни налага да го изнесам својот принципиелен став во врска со предлогот на Владата. Неможам а да не ја поддржам оваа мерка на Владата, пред се затоа што сметам дека таа ќе биде добродојдена за голем број граѓани на РМ граѓани на Република Македонија кои навистина не се во состојба да обезбедат во најнормални услови учебници за своите деца, иако сметам дека има и граѓани на Република Македонија кои ќе бидат привилегирани затоа што се во состојба да обезбедат учебници за своите деца за раз-лика од оние другите кои се многу побројни. Меѓутоа Владата заради рамноправниот и линеарен пристап ги доведува сите во еднакво правна положба и обезбедува учебници и за оние родители кои се во состојба да обезбедат книги за своите деца.

Би сакал да ја изнесам мојата принципиелна забелешка затоа што не се согласувам средст ва за износ од околу 18,5 милиони марки да се обезбедуваат од средствата обез бедени од

приватизација во Република Македонија. Лично сметам дека многу поумно ќе беше Владата на Република Македонија доколку овие средства ги обезбедеше од буџетот на Република Македонија по други уснови, а тоа можеше да го направи порано предлагајќи му ребаланс на Собранието. Така мислам затоа што сметам дека во членот 93 од Законот за трансформација на општествениот капитал во Република Македонија многу точно и таксативно се наброени намените на средствата кои се прибираат од приватизацијата. Првата намена е за враќање на внатрешните и надворешните долгови на Република Македонија особено на долгот по основ на девизните штедни влогови на граѓаните. Верувајте ми во секојдневните контакти со граѓаните и преку писмаста што ги испраќаат до мене лично и до пратеничката група голем дел од граѓаните кои имаа стари девизни штедни влогови со нетрпение очекуваат Владата да преземе конкретни чекори за враќање на нивните некогаш чесно заработени пари затоа што добар дел од нив се дојдени во ситуација да неможат ниту по 100 марки како социјална помош да подигнат од банките.

Вториот основ е за обезбедување на правата на работниците и создавање можности за вработување на работниците кои ке останат без работа заради сопственичката трансформација. Најмногу се спротивставувам средствата да се одделуваат за учебници од приватизацијата наместо од буџетот на Република Македонија баш поради оваа мерка затоа што сметам дека Владата на Република Македонија беше должна средствата од привати-зација пред се да ги насочи кон обез бедување на права на работниците, а во последните четири години по тој основ 120 илјади работници во Репуб-лика Македонија ги изгубија своите работни места. 3 начи првенствена задача на Владата е да обезбеди средства за заштита на работниците кои ке останат како технолошки вишок, или заради други структурни промени , или да создаде можности за вработување на тие кои останале без работа. Исто така, да не го спомнувам основот за приватизација и развојните прог-рами и проекти. Мене никако не може да ми стане јасно како може буквар за прво одделение да биде развоен програм и проект дефиниран во Законот за приватизација, затоа што цврсто верувам во тоа дека предлагачот, односно Владата на Република Македонија кога го нудела овој закон за трансформа-ција на општествениот капитал под развојни програми и проекти не раз-мислувала и не третирала така како што размислува г-ѓата Тодорова, туку сигурен сум и убеден размислувала на развојни програми и проекти кои ќе бидат преземени во стопанството на Република Македонија за негово структурно прилагодување на ново настанатите потреби и за созда-вање на можности за нов инвестиционен циклус и за изградба на нови про-изводствени капацитети преку кои ке можат граѓаните на РМ, да дојдаст до чесно заработена плата и на таков начин да обезбедат средства за купување на учебници за своите деца.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Реплика за г-динот Лазар Димов.

**ЛАЗАР ДИМОВ:**

Само сакам да кажам дека во делот каде што Звонко ме спомна дека дека редот на работите е тој од средствата за приватизација да се отплаќа долгот на државата. Јас приоритетите ги ставив бидејќи зборуваше Звонко дека околу 60-тина милиони марки се отплатени на име на странски долгови што е јасно и како се отплатени. Тие не се од овие средства, туку од кредитите што ги репрограмираме. Јас реков дека редот на работите е тој од средствата од приватизацијата да се отпла-ќаат долговите на државата спрема домашните штедачи, дури и аргументирав, реков бидејќи оние кои што знаеле да печалат пари и да ги вложат во државна банка знаат и да ги реализираат. И уште да дополнам, да не ме интерпретира погрешно Звонко, јас мислам дека е добро за државата, добра држава е онаа држава која што не им дава пари на граѓаните, туку помалку им зема. Бидејќи државата која им

дава пари на граѓаните, тоа значи од некаде им ги зела. Значи да се трудиме, веќе доцна е за нас, за идните што ке дојдат да се трудиме што помалку пари на граѓаните да им земеме, а не да им даваме, бидејќи граѓаните знаат со парите што да прават.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Реплика за г-динот Звонко Каров.

**ЗВОНКО КАРОВ:**

Кога зборував јас г-динот Димов не беше овде во салата, и веројатно ни ме раз брал добро, и сакам да објаснам. Ние имаме у тврде-но програма каде што по отплата на долгот по основа на девизните штедни влогови сме го утврдиле на 47 милиони денари во оваа програма од сред-ства од приватизацијата и по проекцијата на Буџетот сме утврдиле 910 милиони денари, или 16,5 милиони долари од Буџетот по основ на девизните заштеди на граѓаните. Дали тоа треба да биде повеќе и кој , како се залагаме јас можам да го искажам и моето мислење. Ке го кажам веднаш. Јас се надевам дека ке се подготвува таков проект, меѓутоа ние како пратеници треба да водиме сметка и за друга работа. Ние по основ на издадени обврз ници како обврзници кои што државата или кога ке дојдат за напалата ке бидат на терет на буџетот, или ке бидат на терет на државниот капитал. Ние од 1996 година само по основ на санацијата на бнаки и 1997 година веќе имаме 20 милиони долари. Ако тие паднат директно на буџетот, што сакам да кажам со тоа? Јас мислам дека моите залагања се поголеми во обештетување на старите девизни штедачи, меѓу-тоа треба да водиме сметка, јас не се сомневам дека Владата има некој проект и рачуници како тоа би било, да водиме сметка на една временска дистанца на регулирање на целокупниот долг кој што ке ни овозможи проек-ција на приход и расход кој што нема да утврди нови дефицити над седум, или 10%, или 15% од бруто домашнот производ, туку ќе утврди една динамика во буџетското обезштетување на девизнмите штедачи кои што во еден разу-мен рок ке ги обештетиме, а ке нема влијание врз оптоварување на буџетот. Ние средства од приватизацијата веројатно во идните проекции може би и идните приливи ке има и за таа намена. Меѓутоа н ие менуваме постојна програма каде што сме утврдиле отплата на долг по основ на девизни штедни влогови 4 7 милиони денари. И уште ова сакам да го кажам. Ако се следат извештаите за 1993, 1996 и 1997 година по основ на приватизацијата не-каде отплатата по основ на девизни штедни влогови учествува некаде со 70%, или 140 милиони германски марки ние имаме обештетено стара девизна штедња.

**ТАКИ ФИТИ:**

Почитуван г-дине претседателе, дами и господа, почиту-вануи пратеници, не сакам да реплицирам ниту на еден пратеник. Очигледно е дека предлогот врзан со програмата предизвика определени дилеми кај одделни пратеници и сосема е нормално, сватливо, разбирливо, бидјеќи со слични дилеми и ние како Влада бевме соочени во оној момент кога од-лучувавме како да тргнеме со оваа програма и овој дел од средствата што сега се предвидени заовој проект во образованието како едноставно да ги искористиме. Меѓутоа, целта на моето станување беше да дадам определени дополнителни информации.

Прво, биотно е за нас, за Владата да постапиме онака како што законите бараат. А, законот за трансформација на препријатијата со општествен капитал член 93 ги одредува намените кои што со програма ги донесува Собранието на Република Македонија. Дали воопшто ние имавме и стратегија да речеме за користење на средствата и овде се постави како дилема и слично. Проблемот е во тоа што средства од приватизација не се само овие што сега во овој момент доаѓаат. Ние имаме обврска да излеземе со програма пред Собранието кога станува збор за приватизација на претпријатија со општествен капитал. Меѓутоа, вие сите знаете дека ние влеговме веќе во претприватизациона активност на телекомот и дека првите 25

милиони американски долари дојдоа како претприватизациона активност однсно како учество на меѓународната финансиска корпорација ИФЦ. И се разбира дека би бил многу неразумен потег на Владата да почне средствата за приватизација прво да ги користи за образование, а да кажеме платниот биланс и надворешнтие долгови да не се затворени. Ние 20 милиони долари почитувани пратеници, но тоа е државен капитал, не е општествен капитал веќе ги уплатативме на екстерната сметка и на тој начин со дел од парите на приватизација на државен капитал е комплетно затво-рен платниот биланс на Републиката за оваа година. И нема никакво доцн-нење во сервисирањето на долговите спрема странство. 20 милиони долари, тоа се повеќе од 36 милиони германски марки. Ние имаме државен капитал во Стопанска банка и сето тоа е во нашите проекции направена. Стопанска банка веќе како што знаете потпишани се договорите. Оној момент кога тие пари ке дојдат тоа исто така државен капитал, ние нема да ги трошиме тие пари, туку ке ги ставиме во екстерната сметка, а вие знаете дека таа сметка со девизните резерви се систем на сврзани садови, со што и понатаму растат девизните резерви односно способноста на земјата за нормално отплаќање на долговите. Така што и тој момент треба да се има исто така во предвид. Парите што остануваат почитувани пратеници, ние не можеме да ги потрошиме прво, вие знаете нема Собрание повеќе. Според тоа, парите ќе останат на посебната сметка на буџетот на Република Ма-кедонија, а таа посебна сметка на буџетот при Народна банка фактички тоа се во основа буџетски пари. Меѓутоа, од причини за кои што г-динот Каров з боруваше ние не можеме нив да ги ставиме во буџетот, бидејќи би ја надуле вкупната јавна потрошувачка врз таа логика и би направиле друг тип на пореметувања врзани со вкупната макро економска политика. според тоа, се е тоа добро одмерено, се е тоа добро промислено. Сите пари што натаму ке дојдат,а ке дојдат и други пари од приватизација Владата нема намера да ги троши.Ке си бидат на посебната сметка, а бидејќ] доаѓаат во долари народната бнака веќе ги откупи. И со тоа се зголемени девизните резерви, а тие пари ке останат во денарска противвредност на таа сметка и се што ке дојде до крајот не мислиме натаму да потрошиме , евентуално можеме да го ставиме во девизни резерви на Републиката. И после тоа следната влада може пак да си троши, меѓутоа врз база на програма која што ке ја верифицира Собранието итн. Според тоа, верувајте сето тоа е добро обмислено и со основна цел и задача меѓу другото да не се нарушат основните макро економски агрегати, да не се предизвикаат инфлаторни тенденции за што пак интервенираме од другата страна со буџетската политика и со монетарната политика. Буџетот продолжува со депозитот спрема централната банка и тоа е така профилирано да место по 75 милиони депозит, сега правиме по 150 во рамки на вкупната позиција за да секако инфлаторното дејство го намалиме. Продолжуваат лимитите на централната бнака во врска со пласманите на комерцијалните банки. Според тоа, сите монетарни агрегати и сите мерки на монетарната и буџет-ската политика се апсолутно под контрола. Така што верувајте не е оваа работа и одлука што е донесена набрзина, а без претходно да ги согледаме сите ефекти што од тоа ке произлезат. Ова беше информација и за пртениците и за пошироката јавност да се разбере навистина дека добро е обмислена целата работа и дека не мислиме со ова да ги нарушиме макроекономските агрегати, или да предизвикаме инфлација и слично.

**ЛАЗАР ДИМОВ:**

Од излагањето на г-динот министер за финансии се почув-ствував дека од прилика ни одговара мене, на моите тврдења и аргументи и овде беше тврдењето на министерот дека оваа политика за оваа прог-рама за пласирањето на средствата од приватизацијата од прилика е добро обмислена работа, но од аргументите што ги изнесе г-динот министер произлезе дека како најголем аргумент е неговото тврдење дека тоа е добро обмислено, а другите аргументи некако не пиеја вода. Зошто е тоа така? Сакам да го одбранам моето тврдење кое што го тврдев. Ние сега зборуваме дека ние де-факто не знаеме кои пари ке дојдат од оваа

приватизација што исто така е една работа која што ниедна сериозна Влада не смее да ја признае. Значи не може да предвиди ниту месец однап-пред што не е во ред.

Друга работа која што се тврдеше дека од средствата кои што се добиваат од приватизацијата на државниот да кажам и општествениот капитал де-факто се финансираат дефицитите кои што оваа држава ги соз-давала порано или подоцна спрема надвор. Сето тоа е во ред. Но, една друга работа има. Јас кога зборував овде за приоритетите и приоритетите кои што треба да се алиментираат од овие средства па и изненадно да дош-ле, реков дека во ова Собрание се дискутираше и економската логика збо-рува дека тоа треба да бидат раздолжувањето на државата дали спрема над-ворешнтие партнери или спрема своите граѓани, развојот, па после стандардот. Некако моето тврдење се состоеше во тој редослед. Јас не збору-. вам дека и ова нетреба, и она не треба, многу работи и требаат на оваа дражва, туку зборувам за приоритетите и за редоследот. Мислам дека аргументите што ги изнесе овде министерот дека недај боже,многу внимавале за да не настане инфлација од овие пари, па кој што се држи на макро-економскаста политика нема тоа врска, бидејќи јас кога зборував, зборував дека овие пари треба по редот на работите да се вложуваат онаму каде што треба. Ако сме добиле пари надвор од предвидувањата редот на работите зборува дека на оваа седница на Собранието требаше да имаме предлог програма со која што ке се зголеми делот во отплаќањето на долгот према граѓаните штедачи. Зошто? бидјеќи тоа има и развојна функција. На крајот на краиштата кога ке им ги вратиме парите на луѓето што ги вложиле тие на некој начин ке ги вложат. Дали оваа работа е приоритетна. Во таа смисла беше работата. Јас лично, колку се моите економски поз-навања мислам таа работа не е баш врзана со инфлацијата ако реални пари се дадат на реални луѓе кои што ги создале парите, инфлација нема. Инфла-ција се создава кога се троши незаработеното и инфлацијата ја прави државата, не ја прави никој друг. Според тоа, мислам дека за да се подигне и угледот и дигнитетот на една држава треба во прва мера да одговара на совите обврски како на странските партнери уште повеќе на сопствените граѓани, бидјеќи како ние ке го подигаме нашиот развој ако како некоја мерка Владина или закон на парламентот не ја подигнеме довер-бата на нашите граѓани да штедат. Како ке штедат? Ќе штедат ако оваа држава тие пари ги враќа. Наиме, кај нас викаат, оној кој што не си ги враќа долговите, а прави други трошоци, се вика суртук држава, така ја викаат таа држава. Мислам дека редоследот на работите е тој. А ова што има некоја оправданост и може би таа е и реална за партијата што е на власт која што сака да ги добие изборите, дека ова е убаво за на-родот. Точно е убаво, но ова ми делува знаете ли како? Како некое семеј-ство во кое што родителот житото кога ке го оберат делот што е за сеидба заедно со недоветните деца го истроши летно време.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За збор се јави министерот Таки Фити.

**ТАКИ ФИТИ:**

Јас се извинувам, меѓутоа го објаснив токму она што господино Димов сега повторно го поставува односно го проблематизира. Објаснив фактичи, дека со тоа што 20 милиони долари веќе се на екстерната сметка и со тоа што 12,5 милиони долари, според тоа, знаеме колку пари ке дојдат од приватизацијата, повторно државен капитал ке влезе на екстермната сметка, тоа се 32,5 милиони долари, што значи околу 50 милиони марки повеќе од тоа, служат за враќање на долговите. Оној приоритет со кој што г-динот Димов со право се залагаше. Сега, тој вели и јас се сложувам со него, апсолутно, дека е многу битно и внатрешниот долг да се враќа, да се сервисира толку колку што има. Во програмата има една сума што навистина не е голема 47 милиони денари, меѓутоа исто така треба да имаме предвид дека имаме многу значајна буџетска позиција од околу 40 милиони германски марки токму за таа намена. Според тоа, ние

ги комбинираме намените и од едного и од другото. Тоа е основното и верувајте не сакам никого да критикувам , едноставно давам дополнителни образложенија и затоа реков дека водиме сметка за она за што и г-динот Димов сега зборуваше.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Арсовски има збор.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Добро, во рамките на договореното, 10 минути се за изла-гање, се придржувам кон тоа. Лично принципиелно ја поддржувам оваа измена и дополна на Законот за агенција односно за пренаменување на средствата за владината одлука, која ја донесе во однос на набавување на бесплатни учебници на сите ученици во основно образование. Мислам дека целта ги оправдува средствата и во тој дел немам никаква забелешк од аспект, бидејќи и со трансформацијата на општествениот капитал на претпријатијата направивме доста проблеми во однос на поголемиот тех-нолошки вишок, стечајни работници, забавување на вработувањето итн., и мислам дека државата од овде и Владата направи еден извонреден потег за да ги изедначи сите деца еднакво да стартуваат во основното образо-вание во текот на оваа учебна година. Јас мислам дека тоа е Европско искуство и ние треба да го почитуваме. Кога ги прочитав програмите на сите партии во Република Македонија, не најдов во ниедна програма дека ниту една партија не се залага за бесплатно основно образование , а тоа значи бесплатно образование и една ваква форма за набавување на учебници за сите деца.

Единствено кај мене остана таа дилема и тука е министерката и мислам дека добро е тоа да го имаме предвид, вообичаено беше во одредена активност до сега барем и децата од средно образование на слојот материјално необезбедени, исто така, да имаат некаква државна помош во однос на набавка на учебници и помагала, тука што би се правела одредена диференцијација во однос на матријалниот жстатус, бидејќи и со уставот и со другите законски акти средното образование е доброволно односно не е тоа задолжително.

Во тој контекст лично се залагам, ако е можно., барем една мала диференцијација да се направи од она што значи 10%, можеби од вкупното население кое се наоѓа во една побогата материјална ситуација тие на некој начин да се доведат во позиција сами да си купат учебници а тие средства да се наменат исклучиво за ученици од средното образова ние со единствена цел да не ги доведеме овие ученици да не продолжат образование, заради немање на средства. Моето практично искуство досега покажа дека ако децата во одреден период, посебно сега кога поаѓаат на училиште немаат учебници на својата маса, тие тогаш се и најповредени. Неверувам дека ке бидат сега повредени ако тие деца со отпочнување на првиот ден на учебната 1998 година, ги сретне еден дел од учебници односно учебни помагала и тие верувајте дека нема да бидат повредени. Јас работам во Центарот за социјална работа и се соочувам со еден таков проблем. Најголемиот проблем, на повреда на личноста е да немаат учебници, да почне учебна година. Во тој контекст мислам дека би било илузорно некоја партија да се залага сега оваа Владина мерка не ја ја прифатиле како чекор напред, како позитивна , без да добива онаа меркетиншка димензија. Сега, ако е тоа тука прис-утно, а на некој начин се поклопи со предизборната кампања, мислам дека не е коректно да се користи и тоа во име на граѓаните во Република Македонија.

Сега, дали е тоа најисправно токму вака да се преземаат материјални средства од агенцијата итн., се сложувам се кочи развојот итн., меѓутоа, ако зборуваме за еден поширок контекст верувајте дека и образованието е дел на социјална политика која преставува во рамките на социјален развој. Ако немаме доволно образование, ако немаме повеќе образование луѓе, верувајте, и нацијата и државата, па и стопанството ке бидат многу понеразвиени. Во тој контекст ја прифаќам оваа комплетна измена со една моја забелешка,

сепак, да не ги оставиме и оние деца односно младинци кои поаѓаат во средно образование, да не ги подпомог-неме со дел од материјални средства, па може би ке се направи онаа диференцијација малку од она 10% што ке останат средствата од најбогати те во државата, да ги пренамениме за оваа категорија материјално необезбедени.

Инаку, се сложувам со некои дискутанти дека дискутабилно е прашањето сега дали од агенцијата сега неправиме некаков пропуст во однос на да не кажам, забавување на севкупниот развој во државата ако тие средства би ги намениле за некој стопански развој. Колку се тоа пари, колку можат тоа да го направат, јас немам такви анализи. Меѓутоа, целта на самата одлука на владата и средствата кои се из-двојуваат мислам дека се позитивни и имаат позитивен одраз и кај граѓаните, посебно на она население, дури кај лицата кои работат во образованието, во јавните институции, заради тоа што две деца 8000 иљади денари. А,: кој прима плата 8000 иљади денари? Секој човек во есента би се нашол во една кризна ситуација, имајќи предвид она што значи зимница, што значи огрев, што значи зимска облека итн. Ова е една голема помош за граѓаните во Република Македоија и јас ја поздравувам оваа одлука на Владата и оваа измена сега што се нуди.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Најдовски.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и г-да јас се надевам дека нема да ги искористам ни тие 10 минути за кои што се договоривме да траат дискусиите, само две три работи сакам да кажам накратко.

Прво, г-динот Арсовски сигурно најдобронамерно рече дека целта ги оправдува средствата и сугурно мислеше дека добро е да им се помогне на учениците и на родителите во една ваква состојба во која што се и тоа би било добро ако е целта таа и ако начините кои што се избираат се тие. Но, јас мислам дека целта е сега, не се уче-ниците и родителите, туку целата е сега парламентарните избори, па така што средствата за успехот на парламентарните избори не ги оп-равдуваат, бидејќи покрај другото за време на избори треба да има, ако не друго, етика и морал. Тоа е првото, што би сакал да го кажам.

Втора работа, многумина рекоа дека ова е маркетиншки потег , јас не би се согласил дека е маркетинг, бидејќи според мене маркетингот е сериозна работа. Според мене, ова што сега се предлага е блеф. А, ке кажам з ошто е блеф. Г-ѓата министерка во своето уводно излагање рече, колку што успеав да запишам, на крајот од годината учениците ке ги вратат учебниците и ако не бидат во употреблива вредност ке се плаќаат. Јас сакам да верувам да не биде така, и велам камо да не биде, ама ке биде сосемс спротивното. Вие знаете дека на крајот на школскат а година, годинава имаше и по медиумите и по секаде учениците плаќаа по 100, некаде по 150 денари за искршени прозорци, за искршени клупи, и друго, иако вашето дете не скршило прозорец во ткот на годината , тоа ке мора да плати 100 или 150 денари. Затоа, велам дека и ова е блеф На крајот на годината 30 или 40% од учебниците ке бидат неупотребливи, ке бидат прогласени за неупотребливи, така што родителите ке мораат да плаќаат за тие учебници. Затоа, сметам дека оваа работа ние ја читавме само од весници и ја слушавме на телевизија, а многу малку, а и денес претставниците на Владата на Република Македонија ни образ-ложија целосно како ја замислуваат оваа идеја. Нормално е дека никој нема против на учениците да им се обез беди бесплатно да користат учебници но, мораме да кажеме дека и тоа е резултат на една социјална политика и резултат на една социјална состојба во која што се наоѓа нашата Република. Еден од моите колеги овде на смеа рече, но е вистини-то дека со учебниците ке мора да им дадеме и по 10 кила ајвар, за зимница и ред други работи, бидејќи родителите

останаа во најголем број случаеви на улица, така што не ке бидат во можност на своите деца ни моливче да им купат. Затоа, мислам дека ова е во овој момент еден блеф, зад кој се крие после земање пари на родителите.

Последната работа која што сакав да ја изнесам, истото се однеува по однос на партиципацијата за студентите. Да бидеме начисто Мал е бројот на родителите, кој што можат да платат за студентите така висока цена која што е за партиципирање. Оној кој што има пари да партиципира односно да плаќа за своето дете во најголем број ги пушта во странство да студираат, така што овие што останаа овде , оние што овде се запишуваат, верувајте ми ке ја немаат таа можност да партиципираат односно да дадат парични средства за своите деца. Затоа, Владата, еве велам јас ке ја прифатам, нека биде и тој блеф, но би било добро да предложи запишување ан сите студенти бесплатно. Тогаш веќе кога одиме да одиме докрај. З атоа што, верувајте ми, дете на еден родител кој што е технолошки вишок или кој што 24 месеци не зел плата, не му биле исплатени придонесите, нема пари да се прех-рани а сега ние му велиме, да добра е државата, еве ние сме многу добри, донесовме среќа, вие ке можете да се запишете со пари. Тоа е тешко остварливо, мал е бројот на граганите во Република Македонија кој што ке можат да партиципираат.

Еве толку имав да кажам и благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-ѓа Тодорова министер за образование и физичка култура.

**СОФИЈА ТОДОРОВА:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, не можам, а да не реагирам, на некои изречени констатации од оваа говорница, кои претпоставувам беа така формулирани како што ги слушнавме или заради недоволна информираност или злонамерно да се девалвира еден навистина значаен потфат, што во вакви околности во ова време го реализира и сака да го реализира Владата, се разбира, со ваша помош, поддржувајќи ја ингтервенцијата во програмата што е на дневен ред.

Сега, да не почнеме да се правиме сајбии на една идеја кој кога кажал, па да бараме во стенограмите на Собранието, добро беше кажано дека скоро и да нема партија која во своите програмски определби не за цртала една од целите бесплатно образование односно остварување на она што ни е уставна определба. Се создадоа ред на работите во ово момент, а тоа го гледам во пресечувањето на крилјата на долгогодиш-ната рецесија во Македонија, во совладувањето на проблемите околу стабилизацијата, околу структурните реформи, динамизирањето на приивот на странски капитал, не само преку кредитни линии, туку за наша радост и преку директни странски вложувања и едноставно, се соз-дадоа услови, околности, некои од програмираните задачи во сверата на промените во системот на образованието, да се реализираат така како што ги предлага и ги реализира Владата.

Јас морам да кажам дека реформите се повеќе насочни и повеќе слојни. Дел од нив се реализираат фронтално, дел од нив се реализираат, зафакајќи одделни сегменти во образованието. Сега, да не должам околу тоа дека тие се насочени во доменот на тоа каков систем на знаење да се обезбеди на учениците, па затоа дојде до промена на наставните планови, наставните програми, сега стартуваме со трето одделение со нови наставни програми. Стартуваме со значајна реформа во секторот средно стручно образование. Зошто не кажете дека и тоа е маркетиншки потег, почнуваме оваа година, оваа есен, затоа што сега сме подготвени во соработка со Европската фондација на обука и развој. Другата насока на проментие се одвива во образовната техно-логија која се применува во училиштата, да не должам што под тоа разбираме и какви се промени веќе ни се случуваат во училиштата. Третата

насока е во ба-зичното и перманентното образование на кадарот вклучен во овој систем кој треба да ги понесе промените и треба да ги понесе реформите.

Четврта насока е во оценувањето на наставниците, на учеб-ниците, евалуација на програмите, но и оценувањето на учениците со воведувањето на екстермното оценување, со што ке се обезбеди повисок степен на објективизација.

Една од насоките, назнам која по ред, некој во јавните гласила ги градираШе од еден до сто по оваа која би било мерка, з нач^ една од мерките се однесува на промена во сверата на учебниците, која содржи две димензии.

Едната димензија е внесување на конкуренција во оваа свера, на што веќе работиме на овој проект, за учебниците работиме една ипол година. Изготвен е и елаборат со техничка помош која ја финансираше фондацијата СОРОС и со учество на Светската банка. Значи, едната насо-ка оди во отворање на конкуренција меѓу авторите, мегу издавачите, што несомнено ке услови зголемување на педагошкиот квалитет на учебни-ците,на техничките стандарди на учебниците и поевтинување на цените. И, таа цел ние веќе ја оствaруваме. Објавивме конкурс за учебниците за трето и за учебниците за четврто одделение. Ги добивме и очекува-ните ефекти врз цената на учебниците.Беа споменати некакви издатоци за лични карти итн., а јас би сакала да ве информирам дека цената на учебниците по кои, во овој случај, доколку се создаде можнсот што ги нагбави Владата, доминантен снабдувач е повторно просветно дело , затоа што постапно одиме со институцијата конкурс на издавање на учебници по конкурс. Да кажам, дека цената по која претходните три години не беше променета сега се намалува за 35 до 40%, при што се елиминира и трговската маржа и постои можност за определен попуст за плаќање во готово. Згора на тоа, она што беше кажано и за учениците од средно образование ние веќе раз говаравме со издавачот Просветно дело тој ке оди со намалување на продажната цена на учебниците и за средно образование, кои, да спомнам, три години не се променети.

Втората димензија на овој проект е создавање на тој обнов-лив фонд на учебниците. З начим, тоа не е направено ден пред изборите или не прочитавме или не слушнавме пред два месеци што се дискутираше на Собранието, па брзоплето Владата донесе одлука за оваа мерка. Реков, подолго се работи на тоа, на формирањето на обновлив фонд на учебници.

Конечно, да ве потсетам дека ова Собрание го ратификува законот кон крајот на минатата година, а преговорите траеја во цела 1997 година, Законот за задолжување кон Светскта банка за пдодршка на проектите во сверата на образованието и еден од проектите, од четирите проекти беше и проектот во сверата на учебниците со овие две димензии што ги спомнав. З начи,м ова Собрание го прифати, прак-тично, го ратификува тој закон, со кој се актуелизираше, се создаваше можност за постепено воведување на овој проект. Во овој случај се создадоа услови ние едноставно со еден позначаен исчекор да ги фор-мираме овие фондови, обновливи фондови на учебниците. И ако Владата сакаше да блефира, тогаш немаше да каже дека учебниците ке треба да се вратат во училиштето, на тоа упатува искуството присутно во други земји каде овие фондови се применуваат, а ние сосема отворено кажавме дека децата ке мора а се грижат за учебниците, затоа што тие ке треба да ги користат три или четири генерации.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Ризван Сулејмани.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани пратеници.

Јас сигурно нема да ги искористам моите десем минути кои ми се на располагање, но би сакал јавно да кажам дека ќе го поддржиме овој закон и тоа од проста и едноставна причина - дефинитивно пред нас имаме еден проект, еден закон кој овозможува од општествените средства, односно од средствата собрани од трансформација на општествениот капитал да се даде можност на сите грѓани на Република Македонија, не на сите но приближно сите, дефинитивно да може да добијат од капиталот кој сами го создадоа. Ние и така имаме многу забелешки околу тоа како се трансформираше овој општествен капитал. Имаме проект со кој на тие луѓе кој директно или индиректно придонесуваат за создавање на еден таков општествен капитал на некој начин да им го вратиме.

Друга причина поради кое ќе го поддржам законт е тоа што подолго време се зборува дека во одредени средини квалитетот на основното образование е на многу ниско ниво, а ова е една можност за сите учебници на ниво на Република Македонија да има подеднакви или приближно еднакви услови за да можат да дојдат до квалитет и тие да можат рамноправно да конкурираат во средните училишта.

Ние досега имавме ситуација каде што во одредени средини, во градските подрачја учениците беа во многу подобри од тие во руралните средини затоа што во тие средини и таквите училишта условите за учење и за работа сигурно дека беа на повисоко ниво, а плус тоа сите тие граѓани во периферните средини можноста за основните средства за учење на еден ученик а тоа се книгите и приборот поради тешката ситуација во која се наоѓа Република Македонија им се дава на тие ученици, и тие граѓани на Република Македонија да добијат од општиот капитал, за кој некој велеше дека е околу 4 милијарди германски марки.

Мислам дека овој потег на Владата е многу смислен без оглед дали некој ќе го оцени како маркетиншки потег. За мене многу е важна оваа работа.

Оваа Влада зема врз себе еден огромен ризик да остави аманет и на идната Влада, која ќе се формира, без оглед од која политичка партија да продолжи со овој начин, затоа што тешко ќе биде на било која Влада која ќе се формира да го прекине овој тренд и овој начин на решавање на проблемите во основното образование.

Реков, но ќе повторам дека ќе го поддржам овој закон.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам кој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бар збор, го заклучувам општиот претрес и отварам претрес по Предлогот на програмата.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на програмата го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

49 пратеници гласаа за.

Дали некој има против?

1 пратеник.

Кој се воздржува од гласање?

1 пратеник се воздржува од гласање.

Молам колку пратеници се присутни во салата? (службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата).

Немаме доволен број за пратеници за гласање.

Бидејќи имаме доволен број на пратеници, молам Предлогот на програмата повторно го ставам на гласање?

Кој е за, молам да крене рака?

60 пратеника гласаа за.

Дали има некој против?

1 пратеник.

Дали некој се воздржува од гласање?

1 пратеник.

Констатирам дека Собранието ја донесе Програмата за користење на средствата што ги остварува Агенцијата на Репубблика Македонија за трансформација на претпријатијата со општествен капитал за 1998 година.

Минуваме на точката 8 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за Народната банка на Република Македонија со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот, извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за Народната банка на Република Македонија.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака?

58 пратеници гласаа за.

Дали некој има против?

Нема.

Кој се воздржува од гласање?

Никој.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Кој е за, молам да крене рака?

58 пратеника гласаа за.

Дали има некој против?

Нема.

Дали некој се воздржува од гласање?

Никој.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно правната комисија поднесе амандмани на член 1 во новиот член 41 - а став 2 и на новиот член 100-г со кој се согласи претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес на текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на текстот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

57 пратеници гласаа за.

Дали некој има против?

Нема.

Кој се воздржува од гласање? Никој.

Молам колку пратеници се присутни во салата? (службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата).

Немаме доволен број за пратеници за гласање.

Бидејќи имаме доволен број на пратеници, молам Предлогот на законот повторно го ставам на гласање?

Кој е за, молам да крене рака?

60 пратеника гласаа за.

Дали има некој против?

Нема.

Дали некој се воздржува од гласање?

Никој.

Очигледно дека некој не гласал.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за Народната банка на Република Македонија.

Минуваме на точката 9 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за банките и штедилниците со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот, извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за банките и штедилниците.

Кој е за, молам да крене рака?

60 пратеници гласаа за.

Дали некој има против?

1 пратеник.

Кој се воздржува од гласање? Никој.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието се согласува на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Кој е за, молам да крене рака?

61 пратеника гласаа за.

Дали има некој против?

Нема.

Дали некој се воздржува од гласање?

Никој.

Констатирам дека Собранието го усвои Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на Законот.

Отворам општ претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор?

Никој.

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно правната комисија поднесе амандмани на член 45 и на член 47 во новиот член 131-д со кој се согласи претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор?

Никој.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на законот го ставам на гласање?

Кој е за, молам да крене рака?

63 пратеници гласаа за.

Дали некој има против?

Нема.

Кој се воздржува од гласање?

Никој.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување и дополнување на Законот за банките и штедилниците.

Минуваме на точка 7 Предлог за изменување и дополнување на Законот за трговски друштва со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон со Предлогот на закон и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор?

Никој.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за дополнување на законот за трговски друштва.

Кој е за, молам да крене рака?

63 пратеника гласаа за.

Дали има некој против?

Нема.

Дали некој се воздржува од гласање?

Никој.

Констатирам дека Собранието го усвои заклучокот.

Дали Собранието се согласува на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Кој е за, молам да крене рака?

64 пратеници гласаа за.

Дали има некој против?

Нема.

Воздржан?

Никој.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам кој бара збор?

Никој.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор?

Никој.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

64 пратеници гласаа за.

Дали има некој против?

Нема.

Дали некој се воздржува од гласање?

Никој.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за дополнување на Законот за трговски друштва.

Пауза до 16,00 часот.

(пауза од 15,15 часот)

(по паузата седницата продолжи со работа во 16,30 часот)

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Минуваме на точка 13: -Предлог за донесување закон за ратификација на ЕУРОКОНТРОЛ, Меѓународна конвенција за соработка во безбедноста во воздушниот сооб-раќај, од 13-12-1960 година,

- Дополнителен протокол на Меѓународната конвенција на ЕУРОКОНТРОЛ за соработка во воздухопловната безбедност,
- ЕУРОКОНТРОЛ, дополнителен протокол, со Протокол за потпишување на 6 јули 1970 година и
- протокол кој врши измени од 21 декември 1978 година,
- Протокол за дополнување на Меѓународната конвенција на ЕУРОКОНТРОЛ, за соработка во безбедноста на воздушната пловидба од 13-12-1960 година, заедно со нејзините прилози и
- Мултилатерална спогодба за надоместоци за прелети, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон со предлогот на закон ви е поделен.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон. Молам кој  бара збор?

Има збор г-динот Димитар Трпеновски.

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

Почитуван претседателе,  почитувани колеги.

Имам една деловничка интервенција која што базира на следното.

Го замолувам претседателот и Парламентот да ја прекине седницата и надлежните органи на државата да не информираат за експлозиите на  бомбите во центарот на Скопје и на пругата Табановци-Куманово.

Ова го велам заради тоа што ние мирно си работиме,  ги разгледуваме законите и влегуваме во едни демократски избори  ,  јас имам убедување како да се наоѓаме во предворје на војна.  Би сакал да слушнам од надлежните дали е точно така,  кои се силите кои што ја дестабилизираат Македонија,  заради тоа што после второ-октомврис-киот атентат многу чести пукања има во Македонија.  Се пука во Скопје, се пука во Куманово,  се пука во Гостивар  ,  се пука во граѓани,   се пука во парламентарци и поготово погоден од оваа ситуација што сега се случи  ,  јас би сакал да знам дали надлежните органи:  одбрана,  над-ворешни работи имаат некои сознанија кои се тие сили,  од каде се тие сили кои што вршат дестабилизација на Републиката за да можеме да знаеме и каде се тие одбранбени планови и каде се насочени. Ако не прекинување на седницата тогаш после седницата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Прво не би требало да ја прекинуваме седницата,  ние тука да создаваме вонредна состојба во државата.  Тое е едно.

Второ,  го утврдивме дневниот ред за оваа седница и се разбира како трето,  до колку има потреба,  еве ги министрите и Вла-дата се информирани,  на крајот од седницата може да не информираат за последните експлозии.

Јас предлагам да продолжиме со расправата по   точката што ви ја предложив.

Дали некој  бара збор?   (никој)

Бидејќи никој  не бара збор,  го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува  ,

- Предлог за донесување закон за ратификација на ЕУРОКОНТРОЛ, Меѓународна конвенција за соработка во безбедноста во воздушниот сооб-раќај ,  од  13-12-1960  година,

- Дополнителен протокол на Меѓународната конвенција на ЕУРОКОНТРОЛ за соработка во воздухопловната безбедност,

- ЕУРОКОНТРОЛ,  дополнителен протокол,  со Протокол  за потпишување на 6 јули  1970 година и

- протокол кој  врши измени од 21 декември 1978 година,

- Протокол за дополнување на Меѓународната конвенција на ЕУРОКОНТРОЛ,  за соработка во безбедноста на воздушната пловидба од 13-12-1960 година,  заедно со нејзините прилози и

- Мултилатерална спогодба за надоместоци за прелети,  со Предлог на закон.

Кој е за предложениот заклучок,  молам да крене рака.

66 пратеници.

Дали има некој  против?   (нема).

Дали некој  се воздржува од гласање?   (Никој).

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака (67 пратеници).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес .

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

(66). Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот.

Минуваме на 2 точка од дневниот ред - Предлог на закон за отпад.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот. Законодоавно-правната комисија поднесе амандмани за ме-нување на член 13, член 42 став 1 и на член 43 став 2, со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Јован Лазарев поднесе амандман на член 29 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 29, поднесен од пратеникот Јован Лазарев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТОМЕ ТРОМБЕВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор госпоДинот Јован Лазарев.

**ЈОВАН ЛАЗАРЕВ:**

Амандманот има за цел само да допрецизира што смее да се увезува, бидејќи таму стои"при увоз на отпад".

Амандманот има за цел да каже при увоз на отпад - секундарни суровини. Само ако отпадот претставува секундарна сурови-на за некои технолошки процеси, тогаш има смисла да

се увезува. Ина ку друг отпад во Македонија не ни треба. Од таа цел ве повикувам да го поддржите амандманот.

**ТОМЕ ТРОМБЕВ:**

Едно појаснување. Членот гласи "Се дозволува увоз на от-тад кој може да се преработи без опасност по животната средина и природата". Доволно јасно.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господинот Лазарев го повлекува амандманот. Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, дали некој бар азбор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (63).

Дали има некој против? (нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за отпад.

Минуваме на 3 точка од дневниот ред - Предлог-закон за одржување на јавна чистота, собирање и транспортирање комунален цврст и технолошки отлад

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Панчо Минов.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, заменици министри, почитувани пратеници.

Ние за еден релативно краток период Предлогот за доне-сување на закон за јавна чистота го разгледуваме и Предлогот на закон во фаза пред негово донесување. Јас во функција на поддршка на донесувањето на овој закон сакам да искоментирам неколку момен-ти од истиот:

Прво, овој закон дава можност за основање на јавни прет пријатија за јавна чистота и за собирање и транспортирање на кому-налниот цврст отпад. Ова го посебно потенцирам затоа што во многу основани општини меѓу кои и една јас ја застапувам, општина Росо-ман и покрај новоформираноста на органите на локалната власт, от-суствуваше една ваква законска основа за да и една од најбитните функции и одбележје на локалната самоуправа, тоа се јавни комунал-ни претпријатија, со овој закон се добива овој законски основ за нмивно основање и посебно во овие новосоздадени општини, со што сигурно ќе придоенсат во создавањето на вистински белег на функ-ционирање како посебна локална заедница. Паралелно со тоа се овоз-можува и други правни физички лица на јавен конкурс да им се одоб-ри вршење на вакви дејности кои се од комунален јавен карактер.

Сакам да потенцирам еден момент кој што е новина и е прифаќање на некој начин, од страна на предлагачот една сугестија која по расправата по првата фаза од законот ја потенцирав токму јас, а се однесува на многу актуелниот проблем во однос на наметот трошковниот намет кој што го има собирањето и транспортирањето на комуналниот отпад за секое домаќинство а посебно за стопанските суб јекти.

Во делот на изменетата структура сега на самиот закон, во делот на финансирањето на оваа комунална јавна дејност, покрај постојното решение е содржано и тоа дека за изградени објекти и за градежно земјиште кое не е под изградени објекти надоместокот за оваа комунална услуга ќе се плаќа пооделно. Што тоа значи? Тоа значи една законска основа за овој многу голем проблем и овој висок намет за многу пред се стопански субјкети каде што по единицата на утврдената со основниот закон мерна единица денар метар квадратен се пресметуваат поддеднакво надоместокот за износ на смет во сто-пански субјекти и за изградените стопански објекти и за стопански дворови, што имаше големи износи кои се прибираа кои во ова време на стопански проблеми во нивното работење навистина излегуваше дека е многу висок намет.

Овој, да речам видоизменет сега предлог на претставниците од Владата во кои даваат можност со законот посебно да се пресмету-ва делот на надоместокот од оваа комунална услуга што е под изграде-на површина од делот што не е под изградена површина, фактички е основа за органите на локалната власт, намалено да го уредат делот на оптоварувањето со оваа комунална такса која е во оној дел што значи неизградени површини, што би било едно големо олеснување и за стопанските субјекти, како и можност и за самите домаќинства. Сега износот на таа такса беше подеднаква и за куќно место и за дворно место и за стопански објект и за стопански двор што беше во праксата преточено со една голема монополизирана положба на комуналните претпријатија и голем комунален товар на самите до-маќинства и на стопанските субјекти.

Исто така новина во овој закон по однос на првата фаза е, она што беше нелогично, уредените зелени површини на дворни површини на дворни места и на стопански дворови да се пресметуваат во површината на пресметување на оваа комунална такса, предлагачот прифаќајќи ги тие сугестии ги ослободува тие уредени зелени површи-ни од обврските за плаќање на оваа комунална такса, што е добро решение и што на некој начин ќе ја поттикне и еколошката компонента во делот на уредувањето, како на стопанските дворови, така и на двор ните места.

И она што е најбитно што како сознание го имам тоа е покренатата постапка, паралелно со донесувањето на овој закон, за измена на овој закон за комунални дејности во кои што, тогаш неприфа тените сугестии лично од мене во делот на хигиената во стопанството да се прифати мерна единица тон-денар односно колку смет во стопан-ските субјекти ќе се направи толку и да се наплаќа а не по мерна единица 1м2,-денар, што исто така резултираше со многу големи изда-тоци за стопанските субјекти, поттикнато од расправата по претходната фаза на овој закон и сознанието дека веќе, како предлагач Министерството за урбанизам и актуелниот министер имаат покренато до Владата измена на овој соодветен член во Законот за комунални дејности во кој мерната единица за хигиена во стопанството, наместо 1м2-денар да биде тон-денар, е за поздравување и во прилог и на рас-правата и за донесувањето на овој закон. Тој ефект е исто така за посебно истакнување. Во таа смисла го поддржувам донесувањето на овој закон и мислам дека ќе значи и подобрување на комуналната хигие на и на екологијата и што е најбитно и еден законски основ за уре-дување на овие односи. за растоварување на сега превисоките давачки и за домаќинствата и за стопанските субјкети.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Почитувани пратеници накратако само ќе го искажам моите видувања по овој закон за кој имавме опсежна расправа во претходните фази.

По мене Законот е добар и би требало да оствари поголема дисциплина во одржување на јавната чистота, собирање и транспортирање на комуналниот цврст и технолошки отпад, бидејќи сега сме сведоци дек< непостоењето на санкции условува на една тотална недисциплина и соз-давањ ена нехигиена, односно истоварање на шут и отпад на кого каде ќе му текне.

Јас само накратко би се задржал на тоа дека во членот 8 е предвидено она што не е дозволено на јавните и сообраќајните повр-шини. За тоа се предвидени соодветни казни и тоа по мене е сосема во ред и за правни и за физички лица. Меѓутоа, самата класификација односно ставање на едно место на овие прекршоци, иако не се тие по своја тежина соодветни, за мене фрлање и оставање хартија заедно со уништување на огради или пак испуштање на отпадни води кои можат да бидат и отровни и тн. не е исто. Оттаму сметам дека во законот треба да се изврши поинаква класификација на оние дејности кои не се доз-волени бидејќи само по себе растурање на отпадоци не е исто со испуш-тање на отпадни води или пак запалување и уништување и тн. на техно-лошки отпад. Значи би било подобро да се изврши градација на овие условно да кажам прекршоци односно недозволени дејства. Вака се ставени сите во еден ист кош, иако има потешки, условно да кажам недозволени дејности.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ** (Продолжение)

На крајот, би сакал да кажам дека Законот предвидува многу повеќе одржување на јавна чистота, на јавни сообраќани површини како и во урбаните средини и малку да се надоврзам на она штого кажа и претходниот дискутант, како помалку да ги заборава односно запос-тавува оние средини што не се урбани односно урбанизирани. Тоа го знаат подобро претставниците на министерството за урбанизам. Само еден одреден дел од територијата на РМ е урбанизиран. Постои нерурбарнизиран дел. Според мене, законот би требал да обрне повеќе внима-ние и на тоа.

Добар дле од забелешките во претходната расправа се из-несени. Меѓутоа, сметам дека сепак, можело да се изврши, законот е кус, добро што е кус, нема некои одредби што го обременуваат, меѓутоа сметам дека треба да се изврши градација односно една класифика-ција на овие недозволени активнсоти.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали уште некој друг бара збор? (Не)

Бидејќи повеќе никој не бара збор го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

ЗПК поднесе амандман на член 21 став 2 со кој се согласи претставникот на Владата и тоје составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Ристо Трајков и Драган Горѓиев поднесоа амандман на член 16 за бришење на ставот 3 по кој Владата не се произ нела.

Пратеникот Николина Трајановска поднесе амандмани на член 8 алинеја 9, член 12 став 2 за бришење начлен 13, член 16 став 3 , член 20 став 1, член 20 за бришење на алинеја 6 и на челновите 21 и 22 за додавање нова алинеја 6 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 8 алинеја 9 под-несен од пратеникот Никола Трајановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Тромбев, министер за урбанизам и заштита на човековата околина.

**ТОМЕ ТРОМБЕВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 12 став 2 под-несен од пратеникот Николина трајановска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Тромбев, министер за урбанизам и заштита на човековата околина.

**ТОМЕ ТРОМБЕВ**:

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Не)

Бидејкиникој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставамна гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (6)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 13 поднесен од пратеникот Николина Трајановска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Тромбев, министер за урбанизам и заштита на човековата околина.

**ТОМЕ ТРОМБЕВ:**

Со оглед дека овој амандман е поврзан со членот 12, претходната измена, исто така не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-ѓа Трајановска го повлекува амандманот.

Благодарам.

отворам претрес по амандманот на член 16 за бришење на став 3 поднесен од пратениците Ристо Трајков и Драган Георгиев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Тромбев, министер за урбанизам и заштита на човековата околина.

**ТОМЕ ТРОМБЕВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 16 став 3 под-несен од пратеникот Николина Трајановска.

Тоа е истиот амандман? (Не)

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Тромбев, министер за урбанизам и заштита на човековата околина.

**ТОМЕ ТРОМБЕВ:**

Тоа не е истиот амандман. Со оглед дека претходно став-от се брише и овој амандман исто нема сврха.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-ѓата Трајановска го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 20 став 1 под-несен од пратеникот Николина Трајановска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Тромбев, министер за урбанизам и заштита на човековата околина.

**ТОМЕ ТРОМБЕВ:**

Амандманот не се прифаќа со оглед дека е усогласен со Законот за прекршоци.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-ѓа Трајановска го повелкува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 20 за бришење на алинеја 6 поднесен од пратеникот Николина Трајановска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Тромбев.

**ТОМЕ ТРОМБЕВ:**

Исто така и овој амандман е поврзан со претходните, не
се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Пратеникот Трајановска го повелкува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на членовите 21 и 22 за додавање нова алинеја 6 поднесен од пратеникот Николина Трајановска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТОМЕ ТРОМБЕВ:**

Исто и овој амандман не се прифаќа бидејќи...

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Се повлекува, г-ѓа Трајановска го повлекува и овој амандман.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, дали некој бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувампретресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (58)

Дали има некој против? (1)

Дали има воздржани? (Нема)

Колку пратеници имаме во салата?

Ве молам, пратениците да влезат во салата.

Уште еднаш Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (61)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за одржу-вање на јавна чистото, собирање и транспортирање на комунален цврст и технолошки отпад.

Минуваме на точката 4 - Предлог на закон за вршење на занаетчиска дејност.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор г-дин Панчо Минов.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Министерството за стопанство, почитувани пратеници,

Пред нас е донесување на еден многу важен закон, тоа е законот за вршење на занаетчиска дејност кој што , порано беше регули-ран во рамките на т.н. закон за мало стопанство. Бес претензии да го коментирам целосно, содржински овој закон, сакам да истакнам некои битни моменти што се за посебно одбележување.

Покрај дефинирањето на тоа што значи занаетчиска дејност, што е многу јасно поместено во основните одредби од овој закон, мислам дека заслужува внимание уредувањето на односите во кои се обврзува општините односно Градот Скопје да определи посебни локалитети на кои што ќе бидат наменети за вршење на занаетчиски дејности.

Сакам да напомнам дека оваа одредба и до сега постоеше во рамките на Законот замало стопанство и не секогаш и не во сите општини беше доследно применуван.

Ова е едно афирмирање на оваа обврска и со нејзино вгра-дување во овој закон би значела сигурно една подоследност и поцелоснсот во реализирањето на оваа законска одредба од Законот за вршење на занаетчиска дејнсот, во смисла секоја општина, да не објаснувам зошто, бидјеки тоа е и текако потреба и цел , да определи посебни делови од општината, од наслените места што ќе бидат наменети за врше-ње на занаетчиска дејност.

Понатаму, овој закон дава решение нанеколку прашања што до сега беа проблем за вршителите на занаетчиската дејнсот.

Прво, има одредени занаетчии, на пример ташнар и други, не можеа да ја вршат реализацијата на своите занаетчиски производи, во делот и на занаетчиските услуги и занаетчиското производство се тие, во делот на занаетчиското производство имаат проблеми во однос на реализацијата на нивните производи на ниво на Република, на пазарите на Републиката. Законот го решава тој проблем и го регулира дека може производите од занаетчиството да се пласираат на пазарите во цела Република, што е добро како решение.

Втор проблем што не беше уреден досега во соодветната азконска регулатива е прашањето напродажниот простор на дуќаните, на вршителите на занаетчиската дејност. Имаше голем број занаетчии што имаа проблем покрај во своите дуќани за продажен простор да го користат и просторот околу своите дуќани. Овој закон и овој актуелен проблем го уредува и укажува дека тој простор е и одделен простор определен за продажба во кој што логички се подразбира дека може да биде и околниот простор околу самиот дуќан на односниот вршителна занаетчиска дејност.

Ова се квалитетите на овој закон, а јас би сакал сега да искоментирам една работа штонајверојатно ние воопшто како држава и регулирање на стопанскиот систем не можеме повторно да се ослободиме во условите за вршење на занаетчиска дејност ќе сретнеме и во овој закон, премногу пребројни услови се бараат за да се отпочне со вршење на занаетчиска дејност.

Јас лично, нормално и мојата пратеничка група сме за поголема либерализација во делот на услвоите за вршење на занаетчиска дејност. Овде, само во делот на исполнетоста на условите за простор за вршење на занаетчиска дејност има 7-8 услови. Почнувајќи од хигиено-санитарна природа, од заштита начовековата околина, заштита при работа, од бучава, ПП заштита што многу ја усложнува постапката на заентересираните лица за вршење на занаетчиска дејнсот во делот на добивање на дозвола за работа, но ете , иако мојата генерална определба е за поголема либерализација во овој дел, овде предлагачот не може да се ослободи од преголемата врзаност, зависност од администрацијата за овие вршители на стопанска, занаетчиска дејност.

Во делот на условите, посебно не се согласувам и не е во функција на либерализација на условите за вршење на занаетчиска дејнсот, еден од условите што вели, покрај другото, да ги има намирено дсотасаните даночни и други обврски и јавни давачки. За ова прашање имам предложено амандман овој услов да се укине. Сметам дека не е во функција на поголемото афирмирање за вршење на занаетчиска дејност да се регулира еден таков услов. Да кажеме нема платено струја, тоа е ајвна давачка, или некоја комунална такса или градска рента, не може да добие дозвола за вршење на занаетчиска дејнсот. Мислам дека не се софпаѓа со природата на создавање услови за поголемо афирмирање на вршењето на занаетчиската дејнсот. Во таа смисла предлогот ми е тој услов да отпадне и да се укине.

Исто така, предлагачот, не можејки да се ослободи од преголемо администрирање , премногу од документите за исполнетост на овие услови ги врзува до самиот барател, тој да ги обезбедува. Познато е во западните земји дека едноставно покренување на постапка со барање, послужбена должност андлежните служби ги прибавуваат сите документи потребни за вршење на занаетчиска дејнсот. Овде , кај нас, пов-торно имаме поголем број од тие документи за исполнетост на тие услови да мораат самите баратели да ги исполнат и тука , во најголем случај, се состојбите и праксата на дневно одолговлечување на самата постапка иако законот е доста либерален и предвидува за 8 дена надлежниот ор-ган да донесе решение за одобрување навршење на дејност. Сите овие до-кументи што се обврзуваат барателите да ги бараат сами , во многу ја усложнуваат и отежнуваат состојбата за што поефикасно задоволување на теи услови за да можат да ја вршат односната дејност за која се заентресирани.

**ПАНЧО МИНОВ:** (Продолжение)

Овој закон,за разлика од досега, како неуредено прашање го уредува прашањето како еден нов институт на привремено откажување од вршење на занаетчиска дејност, кое е многу битно, бидејќи има многу состојби кои се овде таксативно наброени, во кои вршителите на занаетчиска дејност не се во можност поради објективни причини истата да ја вршат. До сега, тоа не беше регулирано што во таков случај, посебно за нивните односи, со управите зајавни

приходи овој закон сигурно од пробелмите од праксата тоа прашање го уредува и мислам дека ќе биде од интерес на самите вршители на занаетчиска дејност.

Она за што јас во моите консултации како пратеник со занаетчиите најмногу ги интересира, а што отсуствува од овој закон е со овој закон, како основен закон за вршење на занаетчиска дејност предлагачот - Владата и надлежното министерство испуштиле да ја афирмираат својата улога, надлежност и овластување во делот, бидејќи знаеме што значи занаетчиството прво како стопанска дејност, а знаеме што значи занаетчиство како функција на другото стопанство, да не зборуваме што значи како занаетчиство во делот на вработувањето посебно на делот на самовработувањето...

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Се извинувам г-дине Минов што ве прекинувам, но времето за дискусија истече...

**ПАНЧО МИНОВ:**

Каде има време за дискусија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Се договоривме на почетокот на седницата 10 минути дискусија.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Уште завршниот збор.

Тоа е предлогот и можноста Владата односно надлежното министерство за стопанство ќе создава услови поттикнувачки и стумулативни посебно во делот на даночната и царинската свера за развој на занетчиските дејности.

Тоа го имаше до сега во Законот за малото стопанство, овде е испуштено, мислам дека во преговорите со претставникот на Владата добив убедување дека тоа е регулирано во другите законски прописи и тоа е токму стимулативно во даночната и царинската свера за што исто така имам амандман.

Ви благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Ајдарага.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани претставници на Министерството. Излегов на говорница да кажам некои мои гледања по однос на предложениот текст на законот и веднаш да кажам дека некои работи не ми се јасни во однос на она што е понудено во член 2. Таму се набројуваат дејности односно тоа што се смета за занаетчиска дејност, што се смета како занаетчиско производство, што се тоа занаетчиски услуги, што се тоа уметнички занаети и што е тоа домашно ракотворење. Се даваат некои дефиниции, меѓутоа, мислам тие дефиниции, а и областа е таква, морам да признам, се недоволно детрминирани, односно недоволно се квантифицирани.

Ке поннам со ставот 2 на членот 2 каде се зборува како занаетчиско производство се смета изработка и производство на предмети претежно по индивидуални нарачки, што се врши во мали серии кои немаат карактеристика на индустриско производство како и домаш-ното ракотворење. Прашањето на мали серии е прашање кое заслужува малку посебно внимание и

мислам дека не е определено што значи мала серија, бидејќи мала серија при едно производство може да значи и еден примерок односно серија е два и повеќе, а при одредено производ-ство и 100 илјади парчиња се мала серија. Мислам дека тука недостасува попрецизна формулација.

Второто прашање е што се тоа уметнички занаети и вели: "како уметнички занаети се смета изработката и обработката на умет-нички предмети од камен, стакло, глина, дрво, текстил, керамика, железо, бакар и други материјали'.' Сега се поставува прашањето дали кога тие уметнички занаети се вршат на пример во еден "ТИПО", ќе претставуваат уметнички предмети, каде има голема серија. Мислам дека и тука е прашање што недоволно е објаснето односно не е направен обид да се прецизира.

Прашањето на домашното ракотворење е речено дека тоа пра-шање ќе го регулира Владата со тоа што ќе ги прецизира дејностите што се смета за домашно ракотворење. ВО таа смисла мислам дека можеби ќе требаше иако претпоставувам дека е направен обид да биде пошироко од она што е речено при користењето на другите термини можеби ќе беше добро сепак да се прецизираат сите тие дејности кои каде влегуваат да има нешто попрецизно, бидејќи ќе дадеме право, условно речено, на бирократијата да цени дали е или не е занаетчиска дејност. При едно прецизирање таква можност нема. Јас оваа проблематика малку ја разбирам, сум ја спроведувал, инаку целосно речено законот претста-вува една добра основа за одвивање на занетчиската дејност со тоа што кога станува збор за документите што треба да ги приложат за-интересираните за обавување на занаетчиска дејност, мислам дека два документи не треба да бидат обврска на тој што сака да се бави со занаетчиска дејност.

Прво, тоа е документот да е државјанин на Република Македонија. Зошто го велам тоа? Го велам затоа што ако тој покаже дека има лична карта на државјанин на Република Македонија зошто да го тераме да вади и уверение за државјанство. Таа пракса беше порано но со покажување на лична карта како државјанин на СФРЈ или сега на Македонија нема потреба да даде уверение за државјанство. Зошто да ги тераме луѓето да шетаат по документи.

Второ, што исто така мислам не треба да стои обврска, туку да биде обврска или тоа да го прави преку изјава точката 5, да не е во работен однос или пензионер. Тоа го велам затоа што ние имаме матичен број, единствен матичен број на граѓаните. Преку тој број може низ службите да проверат дали е или не е и да ја намалиме што е можно бирократијата односно луѓето да не бегаат од приложувањето на документи да не се бават со одредена дејност. Оваа пробле-матика сум ја имал, ја познавам и затоа предлагам да не биде инаку другите документи добро е слично како што и досега со многу документи единствено од законот на Марковиќ недостига доколку затајуваше администрацијата дејноста можеше да се обавува, што во овој случај го немаме тоа. Инаку, веројатно ќе мора да претстои ново издавање на ква-лификации кое сега се налага со издавањето на квалификацијата односно уверението за мајстор. До сега такви уверенија немавме во практика, веројатно ќе уследи регулатива за издавањето на тие уверенија и ми-слам кога станува збор, јас ја поддржувам оваа идеја што се однесува до уверенијата за мајстор. Меѓутоа, мислам дека и тука треба да напра-виме поголем чекор кој ќе ги издаде тие уверенија, не е исклучиво да остане само преку министерството овластена комисија, но можеби ќе можеме да го направиме во универзитетските центри мислам на уверзитетите на работниците со исполнување на одредени услови.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кој друг бара збор?

Има збор г-динот Душан Николовски.

**ДУШАН НИКОЛОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, сакам да кажам неколку реченици во интерес за поддршка на овој закон за занаетчии за да се свати тежината, издржаноста, квалитетот и самата проекција на законот. Наиме, доста активности се спроведувани до сега околу решенијата. Дел од решенијата кои се вградени во основните решенија на дадениот предлог се практично решенија и предлози на здруженијата на занаетчиите.

Втора работа ние имавме можност како Комисија за стопан-ство да разговараме заедно од страна на претставниците на Владата и претставниците на Стопанската комора да усогласиме додатни решенија. Во функција на тоа одредени решенија што се предложени како амандмани во голема мера ќе придонесат да се подигне нивото на квалитетот на законот. Мојата сугестија и одредени амандмани што се потпишани од Комисијата и во мое лично име доколку бидат прифатени во целост од Владата мислам дека наполно проектот ќе ги задоволи интересите на занаетчиите, а ако остане нешто отворено има наредни периоди дека може нешто дополнително, но во оваа фаза мислам дека сето тоа може да се обликува во една целина и проектот односно законот за занаетчиите да биде доста издржан.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој повеќе не бара збор го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 2 став 4, член 57 точка 2 и 4 за бришење на член 58 со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Душан Николовски поднесе амандмани на член 4 стар 1, алинеја 2 и на член 57 став 1, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Душан Николовски поднесе амандмани на член 13 за додавање став 2, член 35 за додавање став 2 и на член 59 за дода-вање став 2 и истите ги повлече.

Пратеникот Душан Николовски поднесе амандмани на член 2 ставовите 3 и 6, член 13 за додавање нов став 2 по став 1, член 35, член 37 став 1 и на член 59, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Панчо Минов поднесе амандмани за додавање нов член 12-а и на член 13 за бришење на точката 8, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 2 став 3 и 6 поднесен од пратеникот Душан Николовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе. Г-динот Петрушевски, заменик министер за стопанство.

**БЛАГОЈА ПЕТРУШЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа од причини што ги изнесе и г-динот НИколовски во овие и неколку други амандмани беа договарани помеѓу дел од членовите на Комисијата за стопанство и претставници на занаетчиите од Здружението на занаетчиите.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам

Отворам претрес по амандманот на член 4 став 1 алинеја 2 поднесен од пратеникот Душан Николовски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе. Г-дин Петрушевски

**БЛАГОЈА ПЕТРУШЕВСКИ:**

И овој  амандман се прифаќа затоа што значи допрецизирање или уточнување на бројот на вработени занаетчии кај еден занаетчија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благдоарам.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 12-а поднесен до пратеникот Панчо Минов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе. Г-дин Петрушевски

**БЛАГОЈА ПЕТРУШЕВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа од причини што и пратеникот Минов даде едно кусо објаснување.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Минов.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Во интерес на ефикасноста на донесувањето на законот заради дополнителните консултации со претставникот на Владата во однос на другите законски прописи кои се во тек и се со насока на определеност да се изврши намалување на сега даночните преголеми оптоварувања на занаетчиите,  бидејќи и овој  амандман,  а и наредниот амандман на член 13 се однесуваат на даночната проблематика,  а и на царинските олеснувања до тие Причини истите ги повлекувам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 13 за додавање

нов став 2 по ставот 1,  поднесен од пратеникот Душан Николовски.

Молам,  претставникот на Владата да се произнесе. Господин Петрушевски.

**БЛАГОЈА ПЕТРУШЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 35 поднесен од пратеникот Душан Николовски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе. Господин Петрушески.

**БЛАГОЈА ПЕТРУШЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 37 став  1 поднесен од пратеникот Душан Николовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Господин Петрушевски.

**БЛАГОЈА ПЕТРУШЕВСКИ:**

Амандманот е од техничка природа и истиот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 57 став 1 поднесен од пратеникот Душан Николовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе. Господин Петрушевски.

**БЛАГОЈА ПЕТРУШЕВСКИ:**

Амандманот значи уточнување на казните кои коренспондираат со Законот за прекршоци, амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 59,  поднесен од пратеникот Душан Николовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе. Господин Петрушевски.

**БЛАГОЈА ПЕТРУШЕВСКИ:**

Овој  амандман е поврзан со амандманот на член 35 и од истите причини се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој  бара збор?   (никој)

Бидејќи никој  не бара збор,  го заклучувам претресот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој  е за, молам да крене рака?   (54)

Дали има некој против?   (нема)

Дали има воздржани?   (Нема)

Колку пратеници се присутни во салата,  ве молам?

57 пратеници се присутни.

Ве молам повикајте ги пратениците да влезат во салата.

Се уморија хероите веќе,  готово.

Колку пратеници имаме?

Добро,  немаме друга алтернатива,  да прекинеме,а дали можам да ве замолам да направиме едно пријатно изненадување за јавноста утре да го донесеме и Законот за

вонпарнична постапка, а тоа значи двотретинско мнозинство. Ова е молба до координаторите на пратеничките групи ако можат навистина да сторат напор да одбезбедиме двотретинско присуство утре.

Утре продолжуваме во 11 часот.

(Седницата прекина со работа во 17,30 часот)